## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Деведесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 10 јануари 2008 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,08 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да дадат точен број на присутни пратеници во салата.

Дами и господа пратеници ја отворам 95-та сесдница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Мендух Тачи, Арбен Џафери, Даут Реџепи, Али Ахмети, Фазли Велиу, Зумрете Јакупи, Ќенан Хасипи, Хади Незири,Стојан Андов,Иван Стоилковиќ, Есад Рахиќ, Илинка Митрева, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, Лазар Китановски и Владо Бучковски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

На копчињата притиснаа само 46 пратеници, но според извештајот на службите, во салата се наоѓаат 64 пратеници. Според тоа, констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети Претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Предлагам дневниот ред на оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 49 пратеници, сите 49 гласаа за.

Ве молам, службите уште еднаш да достават точен број на присутни пратеници во салата, за време на гласањето.

За време на гласањето беа присутни 68 пратеници.

Според тоа констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

1. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за општата управна постапка, со Предлог на закон.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник,сите 61 гласале за.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

1. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за општата управна постапка, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Согласно точка 1 од Амандманот 15 на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот министер за правда, повелете.

**Михајло Маневски:** Благодарам господине претседателе,

Почитувани дами и господа пратеници во Законот за изменување и дополнување на Законмот за општата управна постапка се вршат значајни измени што се однесуваат на подобрувањето на ефикасноста на управната постапка во целина и она што треба да значи функција на остварувањето на правата и обврските на јавните интереси на правните и на физичките лица, односно правата и слободите на граѓаните.

Јас ќе се задржам на неколку од најзначајните прашања што се уредуваат со законот, а пред се би рекол дека она што го уредува овој закон е дел од проектот на Владата за регулаторната гилотиња, што се однесува до оптоварувањето на законите со определени рокови, кои што се преиспитуваат и со определени решенија кои можат да се уредуваат на поинаков и поефикасен начин.

Значи, ќе тргнам согласно редоследот на одредбите од Законот.

Прво, сакам да кажам дека со членот 2 од Законот, практично се усогласува со амандманот 21 од Уставот на Република Македонија со кој се уредува правото на жалба против поединечните општи акти донесени во постапка од прв степен од орган на државна управа, или орган што врши јавни овластувања, кое право се уредува со закон. Тоа е содржината на амандманот 21 став 2, од Уставот на Република Македонија.

Второ, со членот 4 од Законот се создава можност поднесоците во управната постапка да се поднесуваат и во електронска форма, што мислам дека е за поздравување и тие да можат да бидат поднесени и да можат да бидат доставувани и надвор од работното време и во неработните денови. Значи, тоа е една исто така од значајните новини.

Трета новина што е од исклучително значење за Законот за општата управна постапка е тоа што

во целина двојносе немалуваат роковите кои што ги пропишува Законот за општата управна постапка. Така на пример, рокот за доставувањето на решението на органот на управата не е 15 дена, туку сега е 7 дена. Рокот за изготвување на решението од страна на органот на управата, или органот што врши јавни овластувања не е 30 туку е 15 дена, за поедноставни постапки.Не е 60, туку 30 дена за постапки, предмети и поднесоци кои што треба да биде спроведена определена испитна постапка. Значи, доставувањето да се вршиво рок од 7 дена и тоа не со двојно известување или двојно доставување, туку со еднократко доставување. Доколку странката не се најде на назначената адреса, тогаш писмено да му се остави на вратата со оставање на определен рок од 7 дена за тоа каде се наоѓа тоа писмено, во кој орган тоа писмено да го подигне. Значи, тие работи кои што се уредуваат со Законот мислам дека се од исклучително значење заради подобрувањето на ефикасноста во постапувањата, бидејќи знаеме дека тие долги рокови ниту овозможуваат поквалитетно постапување, ниту овозможуваат поефикасно остварување на правата на органите, или на граѓаните по поднесоците што се решаваат во управната постапка.

Една од најзначајните новини што се спроведува во Законот, тоа е молчењето, значи одобрување. Вие знаете дека Законот за општата управна постапка содржи едно начело, тогаш кога органот на управата не постапува во определените рокови и дека се смета дека барањето е одбиено.Така на пример како граѓанин ќе поднесете едно барање до органот на управата и ќе чекате 10,15, 30, 40, или 60 дена и откако ќе поминат тие 60 дена ќе се смета дека вашето барање не е усвоено. Се поставува прашање зошто е тоа така и дали тоа е во функција на остварувањето на правата на граѓаните, или не е.Сега практично, се воведува едно ново начело, еден нов принцип, а тоа е принципот дека молчењето на администрацијата значи одобрување, вградено во членот 129-А, од Законот, каде што се говори дека за работите во кои според законот или според природата на работите, постапката се поведува по барање на странките во форма и содржина утврдени со закон, органот што ја води постапката е должен да донесе решение по барање во рок пропишан со тој закон.

Во ставот 2, Законот уредува дека доколку во случаите од ставот 1, надлежниот орган не донесе решение во определениот рок, ќе се смета дека барањето на странката е уважено во постапка и под услови пропишани во тој закон.

Ова подробно се обработува и во членовите 239-А, и членот 239-Б, каде што се наведува дека поднесоците со кои странките се обраќаат до надлежните органи заради остварување на некое право, или правен интерес под услови и постапки утврдени со закон, кога нема органот да постапи во определениот рок пропишан со закон, тогаш ќе се примени одредбата од членот 129-А, од овој закон и ќе се смета дека барањето на странката е уважено. Странката има право после тоа во рок од три дена да побара и формален акт за обезбедување на тоа нејзино право.

Значи, со сето ова се оди кон тоа да се обезбеди едно ефикасно остварување на правата и обврските на граѓаните. Се разбира, граѓаните имаат и права и обврски, тоа се однесува за правните и за физичките лица, но ние одиме кон тоа секако да обезбедиме една ефикасна постапка, а не една постапка која ќе трае со месеци или со години, каде што на одреден начин не се остваруваат ни најелементарните права на граѓаните. Потоа, со законот се создава исто така една можност за водење на една управна статистика. Вие денес кои органи да прашате колку управни постапки во Република Македонија се покренати, колку второстепени управни постапки итн., мислам дека тоа никој нема да ви го каже, затоа што таква статистичка евиденција не се води. Сега законот создава можност и обврска минситерството за надлежните органи на управата секои шест месеци до Министерството за правд доставуваат определени статистички подтоци, кои што ќе бидат пропишани со подзаконскиот акт од страна на министерот за правда.

И сосема на крајот, да не должам многу, сакам да ви кажам она што беше договорено и на лидерските средби, во врска со донесувањето на овој закон, во врска со принципот молчењето значи одобрување, одговорноста на функционерот и за одговорноста на раководното лице, Владата поднесе два амандмани на овој закон и тоа на членот 18 од Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за општата управна постапка со кој со првиот амандман се обезбедува, ако функционерот кој раководи со органот, односно раководното лице или службеното лице кое има овластување од функционерот кој раководи со органот да одлучува по одредена постапка утврдена со закон, за неизвршување на службената должност, или за недонесувањето на решение, согласно ставот 2 на овој член ќе одговара под услови и постапка пропишана со закон. Постапката може да биде кривична постапка, поради неизвршување на службената должност, а тоа значи злоупотреба на службената должност, или дисциплинска одговорност. Значи, тоа е обезбедено согласно утврдените критериуми за утврдувањето на одговорноста, ако не се постапува од неоправдани причини и се дозволи поради молчење на администрацијата да се смета дека е позитивно и дека по барањето позитивно одлучено и во амандманот 2, каде што се пропишува обврска со измената на членот 18 по ставот 5 со кој се пропишува дека актите во врска со уредувањето на односите за

донесувањето и постапувањето на органите на управата на раководните стручните и функционерите кои што раководат во органите на управата да биде донесен во рок од еден месец со влегувањето во сила на овој закон. Благодарам на вниманието.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас господине министре.

Сега за збор се јави господин Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

Побарав збор од причина што јас се јавив на време за процедурална забелешка, додека од вас не се испочитува тоа што се пријавив пред да се донесе дневниот ред. Сигурно дека можат да се обвини техниката на Собранието, или службите, но ви велам со одговорност дека навреме се пријавив. Не знам зошто не реагиравте да ми дадете процедурално. Мојата процедурална забелешка е во врска со дневниот ред. Ние како парламентарна група, значи, Демократската унија за интеграција имаме барање дневниот ред да се прошири. Да се додаде една точка во дневниот ред, да дојде министерот за надворешни работи денес во Собранието и да не информира за одлуката на тоа Министерство која ја има донесено за граѓаните на Република Албанија да им се стави визи. Ние оценуваме дека е една одлука за која Владата треба да не информира, или поточно министерот за надворешни работи, за една одлука донесена еднострано. Велам, тоа право ми го одзедовте, а не знам зошто. Ние бараме пауза од 30 минути да се консултираме како парламентарна група. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Треба да ви кажам дека дисплејот не одделува што е процедурално, што не е, и автоматски бидејќи беше министерот ја направив таа грешка, заради која ви се извинувам. Но, предлагам паузата од 30 минути, ако е можне да ја искористиме и за 10 минути координација.

Имате прекин од половина час.

(Пауза од 12,25 часот)

(По паузата седницата продолжи во 13,40 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата за да можеме да продолжиме со седницата.

Продолжуваме со седницата.

Збор има господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Почитуван министер за правда, колешки и колеги пратеници.

Ќе се обидам да дадам во општиот дел неколку коментари, при што се надевам од процедурален аспект во паузата ќе успеат да стигнат амандманите од Владата кои беа договорени на лидерската средба, а ќе образложам кои се дилемите за кои сите се согласија политички партии, се јавуваат во практичната имплементација на овој закон.

СДСМ ги поздравува напорите за скратување на роковите за добивање на разни дозволи, одлуки писмени поднесоци и се она што е одобрение од страна на државните институции. Ќе ја образложам нашата загриженост во кој правец оди, пред се во имплементацијата на овој закон и можните дилеми во практичната имплементација кои би се јавиле на овој закон.

Затоа, се надевам дека после амандманите ќе успееме да бидат оние што се усогласени да го изгласаме овој закон, кој што од страна на Владата е дел од закони на регулаторната гилотина, иако концептуално Законот за општа управна постапка како двотретински закон треба да нуди едно системско решение, што треба да ги покрива сите области, но Владата практично тоа го детцентрализира со различни други закони. Мислам, оние дилеми што се јавуваат кај нас, се јавуваат во практичната имплементација на поедини закони, не во овој дел што се однесува на Законот за општа управна постапка.

Друго, една дилема што јас ја имам, а тоа е дека стандардно во Законот, согласно Деловникот за работа треба да стојат финансиски средства, дали овој закон изискува или не, а тука пишува дека не, мислам дека ќе треба да се потрошат малку средства од страна на Владата, пред се во хардверска и сотферска подршка на добивањето на поднесоци по електронски пат и нема дилема дека тоа нешто чини. Но, реков нека остане само како дилема за разговор, не  формално да го кочиме овој процес и се разбира управната статистика, што и министерот ја спомна во своето воведно образложение изискува хардверска и софтверска подршка во рамки на Министерството за правда, што ќе се сложите дека чини нешто кое што потоа ќе треба да ги опслужува, не само како што реков оние барања што пристигнуваат по електронски пат, туку и таа управна база на управна статистика што ќе се води.

Можеби електронскиот потпис законов што го дефинира да биде тука образложен, мислам да биде наведен не согласно законот, туку согласно со кој и кои сертификати би важеле, но еве да не навлегуваме во тие работи. Кои се дилемите кои кај нас се јавија во однос на практичната имплементација на овој закон. Значи, Владата предлага концепт каде што молчењето е одобрување и сега неколку различни дали организации, дали група на граѓани се јавија со дилеми кои што практично можат да настанат. На пример, сите пратеници добивме писмо од Фондацијата, институтот Отворено општество, каде што молчењето ако е одобрување за одредена донација што се прави кон невладина организација дали ќе ја признае или не Управата за јавни приходи односно бидејќи Управата за јавни приходи не поведува иницијатива или не потврдува доколку нема писмено решение, тогаш дали ќе важи тоа решение или не. Или пак, еве,

јас чекам цел ден некако да успеам во Министерството за внатрешни работи да се сликаме за дипломатски пасош, се уште нема. Даваме барање за пасош, поминуваат седум дена, што ќе правам јас со барањето. Дали кога ќе отидам на граница ќе ме пуштат или не или има две пострашни дилеми. Барање за оружје. Мислам дека тоа е една сериозна работа што може да настане. Значи, поднесуваме барање за дозвола за користење на оружје, поминуваат седум или петнаесет дена, реков сме за концептот за скратување на роковите, не добиваме решение, тап пиштолот, беља правиме во град. Значи, има некои работи кои што скратените рокови од една страна се добри, но контролата на сето тоа како ќе се врши или она што мислам дека е најлошо и најопасно, тоа го имаме во Предлог закнот за градење, добивањето на дозвола за градење. Ќе поднесе неимарот Орце Камчев барање за да гради нешто на плоштадот Македонија. И, како што доаѓаат документите од архивата кај Миле Јанакиевски, Миле ќе ги земе и ќе рече ова ми е барање за антена на Космофон или  Т-Мобиле, тоа е изборот на Собранието, еве ќе му дадам дозвола, тоа што е за транспорт ќе го дадам кај транспорт, а тоа што е за градење нема да го дадам, јас ќе си го оставам во фиока. Ќе поминат седум дена или петнаесет се исто, нема, молчењето е одобрување, ќе го копаме плоштадот. Но, кога ќе го копаме плоштадот, бидејќи настанала некоја беља, кој бил виновен тој е раководителот на секторот, министерот е чист. Таа дилема ме радува што другите политички партии ја отворија на лидерските средби како дилема што ја имало и во Владата.

Значи, нема логика некој министер ревносно да си ги извршува задачите, да воспостави хиерархија и систем во рамки на Министерството и тоа да функционира, а да сфатиме дека после три месеци одредено министерство нула дало дозволи по писмен пат, а сите 100 барања ги решиле со молчењето е одобрување. Тогаш, каде е одговорноста на министерот. Затоа, мислам дека добро е и што Владата имала таква дилема на седницата кога се разговарало за овој закон и мислам дека тоа некако треба да го решиме.

Прво, ќе ги уплашиме вработените сите во администрацијата да не сакаат да работат во државната администрација, затоа што не по нивна вина ќе бидат виновни тие. Значи, може од архива да не дојде барањето до раководителот на секторот, одлука да биде на министерот и тогаш со парични и други казни, со законски одредби овде што се дадени, да го гони, условно кажано, да се гони човекот што ни крив ни должен е раководител на сектор, а такво барање до него не дошло.

Затоа, таа наша дилема се обидовме да ја добиеме со некоја листа на кои се оние невралгични или опасни работи каде што треба да има појака контрола, каде што треба да се знае дека работодавниот орган на тоа да биде лоцирано на ниво на министерот, да не биде тоа некој раководител на сектор само виновен кој ќе ја понесе таа одговорност. Затоа, не знам денес дали ќе стигнеме, има најави можеби ќе се одложи сето тоа, заради многуте амандмани, Законот за градење предвидува таква варијанта. Дадете барање, не ви се одговори, почнете да градите облакодер. Кој ви дал право ќе речете, молчењето е одобрување. Ќе уништите културно наследство, ќе руинирате еден детален урбанистички план по облик некој што го замислил како треба да изгледа градот. Ќе уништите некој споменик на културата и тогаш, кој ќе биде виновен, раководителот на секторот. А, можеби тој раководител на секторот воопшто не го добил барањето, не го добил поднесокот од граѓанинот. Да не зборувам за тоа колку софистицирано треба да се направи со двојна контрола по електронски пат поднесувањето на барањето. Значи, не ни треба само еднострана потврда дека со електронски потпис јас ќе гарантирам дека сум го пратил. Значи, јас поднесувам барање за градење, се потпишувам со мојот електронски потпис, но која е мојата потврда дека ќе го добија електронскиот потпис на одговорниот службеник во одредена институција. Исто како што има иматели на информации по Законот за слободен пристап на информации, мислам дека ќе треба и тука да се знаат кои се тие иматели на електронски потпис, кој што ќе знам дека ми потврдил дека мене ми стигнало. Практично, таа електронска архива треба да проработи јас за да бидам сигурен. Инаку, можеме да се воведеме во ситуација да праќаме по електронски пат илјада барања, физички да не може да се стигнат, од технички аспект да не може да стигне барањето, па да се обработи, а да биде молчењето одобрување, јас да почнам да си правам нешто што сакам.

Затоа, и на средбите кажавме дека ќе го подржиме и ќе го гласаме, но мислам дека има некои реални дилеми, кои што потоа во праксата ќе се јават, посебно во Министерството за транспорт и врски, затоа што сме сведоци дека таков закон е понуден, Законот за градење, а праксата ни кажува дека без разлика и да се во коалиција и да не се во коалиција со одредени градоначалници од општините, некои работи си се тераат. Тука, нас одеднаш ни никнуваат објекти за кои што не ни сонуваме дека можат да се случат. И, кој ќе биде најамнестиран, само министерот. Штетат ќе ја платиме сите ние, бидејќи ќе се руинира градот, плоштадот, ќе се уништат комшиите со градење на високи згради околу мали куќички, а кој ќе биде виновен, можеби да биде некој раководител на сектор во Министерство, каде што воопшто не стигнало до него барањето.

Затоа, СДСМ бара одговорност на најодговорните, а тоа се знае, чинителите во

Владата, министрите. Не може да го сведиме сето ова на неажурност на администрацијата или пак да немаме, како што овде се предвидува една база на управни постапки кои што се во тек, да направиме да добиеме една листа да видиме кои минисерства се поажурни од другите, па да ја лоцираме така на реален начин одговорноста, а не на впечаток или на оговарање што имаме од разни институции што ги добиваме од луѓе. На овој начин навистина ќе се добие една вистинска слика, дали некој го злоупотребува молчењето е одобрување или ги користи добрите намери што постојат во овој закон, значи тука немам дилема, добрите намери и идеи што постојат во овој закон, но да не ги злоупотреби од тоа да си направи амнестија дека тој ништо не е виновен, а да направи хаос во одредена сфера, посебно апелирам на градежништвото, бидејќи така е предложено во овој закон за градење. Таму има и други дилеми кои што ова можат да го направат. Само една мала дигресија, претседателе, се извинувам, ама е поврзано со ова, се враќаат во игра времените објекти и ако имате земјиште кое што не е урбанизирано, секој може да си направи што сака, а која ќе му е легалната основа молчењето е одобрување, го испратил по електронски пат, каде ти е, јас го испратив. Од најразлични причини тој не мора да стигне, а после ќе изгради облакодер како времен објект. Затоа, мислам дека треба да изнајдеме едно решение кое што ќе оди во прилог на контролата, на практичната имплементација, на една односно не узурпирање на една добра и корисна идеа за сите граѓани во Република Македонија.

Спомнав само дел од дилемите, дали е тоа со вадењето на пасош, дали е тоа со вадењето на оружје кое што може сериозни пореметувања да донесе. Замислете, 100 барања да дојдат сега за оружје, за дозвола за користење на оружје. Прво, практично не можат да ги испроцесираат сите, бидејќи треба да се провери човекот дали е кадар и способен да носи оружје, сега да не навредам некој, но навистина треба да се провери дали тој може да поседува оружје и за него да важи молчењето е одобрување. Не би ризикувал. Не би ризикувал како граѓанин, како пратеник и не можам да подржам една таква широка политика што би се водела во некои суптилни области.

Инаку, за некои дозволи кои што висат по фиоки, тоа мораме да го решиме и како обид го поздравуваме. Реков дека имаме дилема околу практичната имплементација од една страна и посебно контролата и одговорноста на најодговорн ите, тоа се министрите во Владата на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас господине Макрадули.

Господине Кондарко, имате помалку од 5 минути, ќе говорите или ...?

Значи, предлагате после прекинот да говорите.

Во тој случај давам прекин за ручек до 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи во 15,25 часот).

**Благој Зашов:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Има збор господинот Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Се надевам дека во текот на дебатата е се вклучи и ќе биде присутен и министерот за правда, бидејќи беше тука во собраниските ходници.

По повод измените и дополнувањата на Законот за општата управна постапка начелно како СДСМ искажавме спремност да го поддржиме и да гласаме за овој закон, со кој се воведуваат одредени новини во спроведувањето, пред се во институтот на таканаречено молчење на администрацијата, што значи одобрување во свмисла на барањата на граѓаните. Меѓутоа, она што беше и во консултациите и во меѓупартиските разговори догворено дека Владата треба да поднесе амандман со кој ќе се предвиди и дополнување на овој закон во смисла на воспоставување на одговорност на раководниот функционер на органот на управата, затоа што предупредувавме за можни негативни последици, сакајќи да се направи нешто подобро, нешто поефикасно тоа негативно да се одрази на штета на граѓаните кои се учесници во одредени постапки. Сметам дека до колку власта е искрена во намерите со предлагањето на овие измени на Законот, дека намерите ни се исти и дека нашите забелешки се во функција само на подобрување на текстот, односно во гарантирање, во предвидување на одредби во Законот и механизми кои ќе гарантираат остварување поефикасно, побрзо, поефективно на одредени права на граѓаните при одредени управни постапки. Затоа Владата треба добронамерно да ги сфати забелешките на опозицијата, затоа што рековме, имаме намера да дадеме поддршка на измените на Законот. Иако укажувавме, повикувавме на внимателност, пред се на оној институт кој го спомнав, молчење на администрацијата, сакајќи да се направи нешто добро, да не се усложнат дополнително работите, да не се бирократизираат, да не се изгуби време, да не се создаде дополнителна неефикасност, или одредена пат ситуација.

За жал, амандманот кој го добивме сега на паузата непосредно пред продолжението на седницата од Владата на Република Македонија не е она што беше очекувано согласно нашите забелешки, односно согласно договорот кој беше постигнат и на лидерските средби каде што беа направени консултации, каде што беа усогласени ставовите за тоа дека функционерите, се мисли на политичките функционери од извршната власт во одредени органи на управа да имаат одредена одговорност поради неисполнувањето на

одредени права на граѓаните во случаи да не профункционира со вистинската намена и во вистинска смисла институтот, молчење на администрацијата, што би значело позитивно одобрување на барањата на граѓаните до колку во определен рок органот на управа не се произнесе. До колку остане ваков амандманот, почитуван министре, после завршувањето на општата расправа на оваа седница ќе бидеме приморани да побараме дополнително време, пауза за консултации и да го преиспитаме нашиот став, односно поддршката која ја имавме до овој момент. Ова го говорам од причини што во аманманот Владата настојува да ја релативизира одговорноста, односно да ја избегне, или заобиколи евентуалната одговорност на нејзините функционери на раководни функции во одредени органи на управа. Имено, се вели, цитирам: функционерот кој раководи со органот, односно раководното лице кое постапува по поднесокот, или се нуди алтернатива, службеното лице кое има овластување од функционерот кој раководи со органот да одлучува во определена управна постапка за неизвршување на службената должност, или за недонесување на решение согласно став 2 од овој член ќе одговара под услови и постапка утврдени со закон. Прво, почитуван министре, видно од содржинава на амандманот не го испочитувавте она што беше искоординирано помеѓу партиите за да дадеме поддршка, на нашите принципиелни забелешки да дадеме поддршка на ова решение во Законот, се разбира раководејќи се од интересите на граѓаните. Затоа што почитуван министре, не се службените лица кои се во пониските ешалони на органите на управа одговорни, односно не се до тој степен одговорни, бидејќи тие ниту ги предлагаат, ниту ги носат законите. Што значи дека примарно за да се гарантираат правата на граѓаните мора да се воспостави и одговорност за раководното лице на органот на управата, односно државниот функционер. Затоа не смеете да дозволите овде на заобиколен начин таканаречен каскаден вид на одговорност, односно ситуации во кои до колку нешто тргне наопаку, секогаш државниот функционер под заштита на партијата на власт ќе најде оправдување за себе, односно за тоа ќе обвини некој друг подолу во хиерархијата на државната администрација, односно на службените лица кои раководат со одредени сектори, или кои постапуваат како што велите директно по конкретните предмети. Тоа не е правично, тоа не е фер, затоа што сопствената немоќ, сопствената неодговорност не можете да ја прикривате, или да ја префрлате на некој што воопшто, или многу помалку од вас е виновен за тоа. Затоа што ова е ваша идеја, ваше решение кое се надевам нема да ме разберете погрешно, во јавноста го најавивте во ваш стил на Владата прилично популистички и помпезно. Во ред, кога се работи за подобрување на остварувањето на правата на граѓаните пред органите на управата, забрзувањето на процедурата реков дека тука ни се интересите заедно со вашите на нас како СДСМ и како на опозиција исти. Значи, целта ни е заедничка. Меѓутоа, стравувањата се да не случајно поради ваквото запретување со казни на оние лица, па и можност да ја изгубат работата, на оние лица кои ќе одлучуваат по конкретните барања на граѓаните, дали можеби несакајќи, и сакајќи да направите добро, ќе го постигнете токму спротивното, односно контраефектот. Дали ќе завладее страв во администрацијата кај службените лица кои треба да одлучуваат по барањата, затоа што од една страна дупло ги намалувате временските рокови од 30 на 15 дена што објективно некогаш е и физички невозможно да се постапи по одредено барање. И ние сме за забрзување, меѓутоа прво, дали има доволен човечки капацитет и ресурси во сите органи на управа за да на таков голем број на барања на граѓаните да можат да одговорат навремено и да постапат. Значи, немаме ништо против намалувањето на роковите. Но, дали е тоа во пракса изводливо? Затоа што тоа повлекува друга негативна ситуација. Од една страна страв од санкции на непосредните извршители во органите на управата на службените лица, бидејќи ако одмолчи може да биде санкциониран, а неоправдано одмолчил, па се смета дека барањето на граѓанинот е позитивно, или од друга страна да се претвори во едно непишано правило, во еден непосакуван принцип само за да се заштити службеното лице и да си го зачува своето работно место и да се заштити од евентуални казни и санкции и одговорност и да го спази рокот кој ќе биде намален за 15 дена, затоа што некогаш за да постапи службеното лице потребно му е мислење, потребни му се документи, факти и околности кои треба да ги утврди и кои не зависат само од него. Тој треба да соработува со други органи, или институции. Можеби не по своја вина ќе задоцни во процесуирањето на предметот. Затоа велам од тука доаѓа друга објективна опасност во праксата. И дали во една таква ситуација не би се довеле по инерција да се одбиваат барањата, односно се одговара негативно, за да се спази рокот и да не се направи погрешка при молчењето, со што би било позитивно барањето, па за секоја сигурност сите барања да се штанцаат како негативни, односно како одбиени. Што од друга страна не оди во полза на раѓаните, затоа што и граѓанинот да имал право, или аргументи за да го оствари своето барање во управна постапка, сепак заради бирократски бариери однапред ќе биде осуден на негативен одговор, што дополнително наместо да се зголеми ефикасноста на постапката, таа ќе се намали, односно крајната штета ќе биде на товар на граѓаните, затоа што наместо да има повеќе позитивни барања во пократок рок за граѓаните што е и смислата на институтот, молчење на администрација. Сега заради овие стравувања на

администрацијата можеби некои службеници би биле приморани за да се заштитат и себеси, затоа што некогаш не зависи одлуката од нив, туку и од други институции кои даваат мислења и тн., или кои треба да им достават одредена документација врз основа на која треба службеното лице во органот на управа да одлучи, да бидат доведени во ситуација да ги одбиваат барањата на граѓаните. Значи, постои опасност од еден таков вид на хаос кој воопшто нема да ја постигне целта на реформата и новината на воведувањето на овој институт, молчење на администрацијата, посебно во урбанизмот каде што оваа Влада за жал, не успеа да се справи со урбаната мафија, таа сеуште царува. Дали со ова ќе и се даде дополнително охрабрување, или дополнителни законски олеснувања да се легализираат некои нелегални активности, или нелегални работи. Значи, на некој начин треба јавноста да знае, не е се така убаво за слушање како што звучи на почетокот ветено од Владата и од министерот. Иако не велам дека намерата не е добра. Меѓутоа во праксата крие одредени опасности. Затоа сакаме на време да предупредиме, затоа што утре граѓаните се тие кои ќе бидат незадоволни. На крајот на краиштата сите ние како луѓе, како граѓани секој од нас барем по неколку пати во животот за остварување на одредени свои граѓански права се соочува пред шалтерите, или пред одредени органи на управа е учесник во вакви постапки, што е многу нормално. Така што да не биде после откако ќе се констатираат одредени аномалии и неправилности, да ни биде дополнително потребно и повеќе време и повеќе нервози кај граѓаните за да ги исправаме овие работи. Затоа апелираме да се увидат на време сите аспекти и Владата до колку е можно тоа да го предвиди и да го претпостави за да го подобри законот. Мислам дека оправдано е нашето стравување и од еден друг аспект за кој сега ќе говорам, дека оваа постапка може дополнително да се искомплицира и да се усложни со институтот, молчење на администрацијата. Имено, постои правна дилема, дали граѓанинот ќе може во постапка по жалба да бара остварување на своето право, бидејќи правна претпоставка гарантирана со закон, со институтот за молчење на администрацијата е дека доколку органот не одговори, дека неговото барање е веќе исполнето, односно задоволено. Меѓутоа, не предвидувате никаква форма на правен акт со кој тоа барем ќе се констатира. Затоа што граѓанинот соочен со огромната бирократија при остварувањето на своите права пред други органи и институции кои за да од своја страна постапуваат ќе му бараат соодветна документација, соодветно решение или друг вид на правен акт за молчењето на администрацијата, што не е предвидено, ќе се соочи со една ваква правна празнина, не само дилема, би рекол. Така што непостоењето на одговор од државната управа, од државната администрација поведува со себе и одредени консеквенци околу самата форма на окончувањето на самата постапка. Ние немаме правна завршница. Немаме предвидено, не гледаме во законот правна завршница и кој вид на правна завршница и во кој рок и како би изгледала и за кои случаи, во кои управни постапки, затоа што не може по инерција за се и сешто молчењето на администрацијата да значи одобрување. Затоа што во тој слуај ќе настане тотален хаос во општеството. Граѓаните би можеле да најдат погоден начин за злоупотреби на ова законско решение. Така што вие како предлагачи морате да обезбедите заштитни механизми за да не се случуваат тие работи. Затоа уште еднаш ќе се повикам, ќе побарам да ги разгледате сите овие аспекти кои се јавуваат како недостатоци, за да заедно можеме да дојдеме до решенија кои ќе бидат прифатливи и кои ќе бидат спроведливи во праксата и во интерес на граѓаните.

На крајот уште еднаш ќе ве замолам да ме сфатите најсериозно, значи ова го кажувам и од името на пратеничката група на СДСМ во однос на амандманот од Владата кој го доставивте, затоа што беше така договорено да се утврди одговорност за злоупотребите, евентуални злоупотреби, или заштита од евентуални злоупотреби што би можеле да ги направат одредени службени лица, односно одредени државни функционери во органите на управата да сноси одговорност државниот функционер. Понатаму, кој вид на одговорност и дали во одреден обем треба да сносат одговорност и некои случбени лица подолу во хиерархијата, тоа е друго прашање.

Меѓутоа, овој амандман за нас е неприфатлив и ве повикувам да го формулирате онака како што беше координиран и договорен меѓу другото и на лидерските средби, за да не изостане нашата поддршка на овој закон, затоа што сметаме дека со амандманот повторно Владата сака да си остави простор да ги заштити своите партиски функционери кои се на раководни места во одредени органи на управа, а таа одговорност алтернативно да ја распореди на пониските ешалони или службени лица. Мислам дека тоа не е коректно решение, ако сте подготвени за преземање таков ризик мора да ја преземете и одговорноста. СДСМ инсистира на одговорност за да утре не биде ова решение на штета на граѓаните и за да не предизвика ова решение злоупотреби и прекршувања на Законот од страна на државните функционери кои во секоја ситуација би останале неказнети. Доколку во меѓувреме додека трае општата расправа и додека трае расправата по точката и амандманите на оваа седница, не го преформулирате амандманот, ние ќе бидеме принудени да побараме пауза и да го преиспитаме нашиот став за поддршката и гласањето за овој закон во целина. Благодарам.

**Благој Зашов:** Му благодарам на господин Кондрко за дискусијата.

За збор се јави господин Аднан Јашари.

Господине Јашари, имате збор.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине потпретседател.

Почитуван министер, почитувани пратеници,

Расправаме за измени и дополнувања на Законот за општата управна постапка, Закон кој е донесен во 2005 година и во тоа време кога се донесе овој закон се сметаше како еден реформски закон. Така е од причина што во текот на овој период на спроведување на овој закон е повеќе од јасно дека има успех и има позитивни страни. Вистината е дека ниту еден од законите не може да се третира како закон, идеален закон и затоа на крај постои начин да се менуват одредени прашања или да се дополнуваат одредени прашања, за да се отстранат недостатоците и слабостите кои одредени закони ги имаат при нивно спроведување. Вака се случува и со овој закон, со што предлагачот по неколку прашања кои се уредени со овој закон сака да направи прецизирање или во неколку сегменти да ги скрати роковите со цел да се зголеми ажурноста на органите кои го спроведуват овој закон. Во тоа време кога се донесе овој закон се расправаше и за прашањето кое предлагачот сака да го уреди со прашање во однос на тн. молчење на администрацијата, се расправаше и на Комисиите односно работните тела за овој предлог. Денес Владата реагираше со еден амандман со кој на некој начин сака да го реши ова прашање, бидејќи предвидува одговорност за функционерот кој раководи со орган или раководното лице кое постапува по одредени прашања. Така, како што се произнесе претходниот говорник, јас мислам дека и наспроти овој позитивен пристап на предлагачот, амандманот предложен од предлагачот ми се чини е недоволно јасен. Но како и да е, и јас би ја искажал мојата позитивна убеденост во врска со ова прашање, доколку амандманот беше малку попрецизен, иако вака како што е предложен, ќе нагласам уште еднаш, мислам дека на еден начин предвидува одговорност во случај на неостварување на службената должност, односно во случај на молчење на органот или раководното лице.

Текстот на законот има недостатоци, недоречености кои сме ги анализирале и детектирале и за овие недоречености на текстот или деловите кои беа нејасни за нас поднесовме амандмани за кои ќе расправаме кога ќе се говори за предложените амандмани, па тогаш нормално ќе земам повторно збор и ќе ги образложам аманманите што сме ги предложиле. Сега за сега ви благодарам.

**Благој Зашов:** И јас благодарам господине Јашари.

За збор се јави госпоѓа Весна Бендевска.

Госпоѓо Бендевска, повелете, имате збор.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги, почитуван министер,

Најпрво морам да истакнам дека го поздравувам и ја одобрувам и стојам зад причината за донесување на вакви предлог измени и дополни на Законот за општата управна постапка, со оглед на тоа што и самите како основна причина поради која треба да се донесе овој закон сте навеле скратување на роковите и поедноставување на постапката согласно која граѓаните ќе ги остваруваат своите права пред органите на управата во рамките на проектот на Владата на Република Македонија за регулаторна гилотиња, која има за цел намалување на административните бариери. Тоа е навистина добро и ќе гласаме во корист и причините за донесување на овој закон, но, како и колегите од пратеничката група на СДСМ кои говореа пред нас имаме сериозни забелешки во неколку делови. Многу накратко ќе ги елаборирам, со оглед на тоа што очекувавме и добивме ветување дека од Владата ќе биде проследен амандман со кој ќе биде децидно утврден начинот на кој неизвршувањето согласно одредбите на овој закон ќе мора да се лоцира на место каде што треба, односно кај функционерот што раководи со органот. Недоследноста на овој закон ја елабораше и колегата Макрадули, за тоа говореше и колегата Кондарко. Номотехнички зборот “односно” кога ќе наведувате дека функционерот кој раководи со органот односно раководното лице или службеното лице кое има овластување од функционерот за неизвршување на својата службена должност и недонесување решение согласно ставот 2 ќе одговара во услови и постапка утврдени со закон.

Почитуван господин министер, вие сте преставник на Владата која го поднесе во 14,00 часот денес овој амандман и молам да дообјасните. Тоа значи дека некој ќе треба да ја лоцира сериозно одговорноста зошто се постапувало спротивно на одредбите од овој закон и некој ќе треба децидно да одговори каде лежи вината, дали во функционерот кој раководи со органот, дали во раководното лице кое постапува со поднесокот или службеното лице кое фактички го води предметот. Со оглед на тоа што во ставот 2 наведувате, цитирам: “начинот на постапување по поднесоците ќе се пропишува со акт од функционерот”, предвидувате функционерот да се само казнува? Предвидувате одредена доза мазохизам од страна на функционерот односно министерот? Сам себе си ќе се санкционира? Многу логично, оставате реална сфера за користење на дискреционото право да казнувате како министер и да лоцирате вина подолу од Законот.

Колегата макрадули убаво кажуваше, реалната можност за креирање на, дури во одредени области, коруптивни решенија со намерно

затурање на предмети, за 15 дена или да речеме за 7 дена, тоа значи дека 8-от или 16-от ден анблок согласно овој закон ќе значи дека решението е речиси поставено, вината за тоа ќе ја сноси функционерот со акт што ќе си го напише сам за себе или сам против себе.

Не сме задоволни од ваквото законско решение, не оди во функција на подобрување на текстот на законот и не оди во функција на она што значи одговорност од страна на администрацијата. Не можеме да тврдиме, доколку станува збор за сериозно големи идни можни скандали дека ќе одговара некое службено лице, до кое практично предметот можно е и да не дојде.

Исто така, во вториот амандман додавате измена во членот 18, го скратувате рокот, односно во рок од еден месец од денот на влегувањето во сила на овој закон, иако подзаконските акти кои произлегуваат од тој закон сте навеле дека ќе бидат донесени во рок од три месеци од стапувањето во сила на законот, само за еден месец од денот на донесувањето надлежниот орган ќе може во рок од три дена од приемот на поднесокот да провери дали истиот е уредно пополнет и дали ги содржи сите потребни прилози. Очекуквавме, за да ја добиете нашата поддршка, да го подобрите текстот на законот. Со ваквиот амандман кој е донесен во 14,00 часот во собраниска процедура апсолутно не очекувајте поддршка од страна на пратеничката група на СДСМ дека ќе ви аминува, наместо одговорноста да се лоцира согласно надлежностите херархиски наведени во Законот за органите на државната управа, да барате одговорност и да казнувате парктично службнеици во јавната администрација, бидејќи тоа ќе значи повторно креирање, како што реков, на огромни дискрециони овластувања од страна на министрите кои де факто и раководат со органите на државната управа.

Почитувани кмолеги, верувам дека до сите нас стигна и дописот од страна на Институтот “Отворено општество” кои ги кажуваат истите забелешки во поглед на овој закон. И тие исто ја поздравуваат идејата за донесување на овој закон, исто ја поддржуваат идејата за скратување и елиминирање на административните бариери со кои се соочуваа граѓаните на Република Македонија, но ги имаат истите забелешки во поглед нас членот 129, кои сметаат дека практично неприменливост на овој закон ќе му овозможи. Да потсетам, бараат од нас - господинот што е потпишан е извршниот директор господинот Милчин, Фондација и Институт “Отворено општество - Македонија”, бараат сите ние како пратеници пред гласањето на ова законско решение да бидеме свесни и да се обидеме и да преземеме активности за надминување, вели спроведување на целосен мерид систем при оценувањето на работата на Јавната администрација. Мерид систем кој ќе овозможува касификација и напредување во кариерата на секој државен службеник согласно резултатите од сопствениот труд, во овој случај бројот на нерешени предмети, бројот на предмети кои ги обработил и издавал, а не да биде секој оној што работи во јавната администрација изложен на дефакто волја на функционерот односно од министерот, да биде лоциран како виновник за задоцнување од 7 односно 15 дена за издавање решение. Не оди во функција на реформата на јавната админситрација. Напротив, ќе бидеме соочени со огромен број на предмети изгубени во електронската сфера за што елаборираше пратеникот Макрадули во поглед на предвидувањето во овој закон со електронски потпис по електронски пат да бидат доставени барања за определени документи до органите на државната управа, без да биде предвиден во истиот овој закон начин на прием, административен прием за истите барања од страна на граѓаните. Тогаш нема да говориме дека сме донеле закон кој ја поедноставува работата и ја прави поефективна работата на Јавната администрација, практично со непредвидувањето на такво решение ќе креираме дополнителен хаос во и онака огромниот број нерешени предмети со кои се затрпани органите на државната управа. Благодарам.

**Благој Зашов:** И благодарам на госпоѓа Бендевска за дискусијата.

За збор се јави госпоѓица Славица Грковска, поелете госпоѓице Грковска.

**Славица Грковска:** Почитуван потпретседател, колешки и к олеги пратеници,

Јас очекував министерот да даде дополнително образложение за поднесените предлог амандмани, заради тоа што амандманите кои ги достави Владата во текот на оваа седница и стануваат составен дел на Законот, заслужуваат посебно образложение од страна на министерот, имајќи ги предвид дилемите кои ги имаме, а кои произлегуваат од нивниот текст.

Апелирам почитуван министер да ни дадете дополнително образложение за амандманите. Ако имате такво, јас би се повлекла за да го слушнеме образложението, а потоа да продолжиме со дискусијата, заради тоа што и до сега беа доволно поставени прашања, меѓутоа, не знам дали министерот ги слушна.

Има неколку точки кои се проблематични кога станува збор за овој закон. Сите ние знаеме дека една од сугетиите и забелешките што ги добивме во извештајот на Европската комисија се однесуваше и на администрацијата и нејзиниот капацитет и јас навистина се согласувам дека се потребни дополнителни мерки со кои ќе се направи администрацијата многу поефикасна да биде отколку што е до сега. Факт е дека најголемиот број од граѓаните се незадоволни, меѓутоа, исто така е факт дека не можеме цела

администрација да ја ставиме во еден ист кош. Еден добар дел од администрацијата одлично си ја врши својата работа, меѓутоа, тој другиот дел е оној кој што предизвикува проблеми и благодарение на кои ние добиваме негативен извештај од Европската комисија, а исто така има огромни реакции од страна на граѓаните. На ваквиот начин, со ваквите решенија ние ан блок ја прогласуваме комплетната администрација за неспособна и неажурна, заради тоа што не предвидуваме мерки со кои ќе ги стимулираме за нивно поефикасно работење, не предлагаме никаков мониторинг систем кој што врз основа на сработеното ќе го валоризира нивниот труд и благодарение на тоа ќе ги поттикнеме поефикасно да ги завршуваат предметите и што е уште пострашно, не предлагаме посериозни казнени мерки кои ќе се однесуваат на оној дел на администрацијата која намерно го закочува функционирањето на системот и од различни причини е неефикасна, неодговара на потребите на граѓаните и многу често ја злоупотребува позицијата што ја има за одлучување за одредени постапки. Тоа е едниот аспект на проблемот.

Вториот аспект на проблемот е што ваквото решение ќе придонесе не за средување и воведување на ред на нештата, туку напротив, дополнително ќе придонесе за уште поголем хаос. Имам впечаток дека ние од потребата и од желбата по секоја цена да направиме нешто од една ситуација предлагаме екстремно друга ситуација која нема да ни овозможи средување на досегашните проблеми. Напротив, ќе обезбеди дополнителни уште поголеми проблеми за кои ние со закон немаме начин како да се справиме заради тоа што не предлагаме казнени одредби.

За сите тие примери што досега беа кажано од господинот Макрадули и од другите пратеници, треба да бидеме свесни, меѓутоа исто така треба да бидеме свесни, дека се тоа само еден мал дел од примерите што можат дополнително да предизвикаат проблеми, а има уште една цела плејада проблеми што во моментот дури и не можеме да ги искажеме, заради тоа што станува збор за огромен број на постапки, за ко што можат да се применуваат овие законски решенија што се предложени, а за кои што нема да имаме одговор како ќе ги санкционираме, доколку се злоупотребуваат.

Доколку остане ова решение вакво и неменливо, ние повеќе придонесуваме за хаос, за зголемување на хаосот, отколку што овозможуваме ред. Ова е уште еден пример дека една добра идеа, ако се обидува да се реализира на не толку добар начин, дека може да пропадне во вода или, што е уште потрагично, може да се покаже како катастрофално лоша.

Токму затоа се реакциите на Фондацијата “Сороз” меѓутоа и реакциите на други граѓани кои секојдневно се соочуваат со ваквите прашања и кои се свесни дека ваквата примена на законот може да има несогледливи последици.

Третиот аспект за што сакам да зборувам во врска со овој закон е политички. Имено, ова беше еден од законите што беше предложен на лидерската средба, за што разговараа лидерите на партиите и што беше договорен да се усогласни со одредени амандмани што ќе бидат поднесени од страна на Владата.

Сега, што се случува? За жал, ова ни се случува по трет пат во рок од 4 дена. Занчи, имаме закон за кој што е разговарано и за кој што е постигнат договор, законот доаѓа на дневен ред. Она што е договорено не доаѓа до пратниците, не е доставено. Пратениците од страна на опозицијата мора да реагираат дополнително и да инсистираат кај парламентарното мнозинство и кај Владата да го испочитува договорот што веќе еднаш е направен.

И на крај, она што е договорено да стигне како амандман од страна на Владата стигнува, меѓутоа со содржина што воопшто не коренсподира со она што е договорено на средбата помеѓу лидерите на партиите. Тоа е една многу лоша пракса што Владата ја воведува заради што чуствувам потреба да повторам дека таквиот начин на однесување не придонесува за градење на клима на доверба помеѓу политичките партии во ова Собрание, помеѓу власта и опозицијата. За тоа што реално, со оваа седница, со седниците што беа договорени и почнаа на 3 и 4 јануари, ние требаше да свртиме нов лист во начинот на однесување меѓу Владата и опозицијата. Велам, нов лист, заради тоа што Владата упорно генерираше недоверба во односнот спрема опозицијата, упорно работеше и играше на картата на непочитување на опозицијата и непочитување на нејзините предлози и сугестии, што се виде дека како политика во изминатата година ипол не се одрази лошо врз опозицијата, туку напротив се одрази лошо врз позицијата на Република Македонија на меѓународен план.

Јас мислев дека овие седници ќе бидат знак дека Владата ја сфатила лекцијата, после два негативни извештаи на Европската комисија, дека треба да го смени однесувањето спрема опозицијата, дека треба да го смени однесувањето спрема политичките партнери во државата, кога станува збор за прашања што со национален интерес и дека треба да гради компромиси и дека треба да гради доверба наспроти сосема спротивното однесување во изминатиот период.

Наместо тоа, се случи сосема спротивното. Ниту се испочитува договорот, кога стнуваше збор за Предлог-законот за буџети, ниту се испочитува комплетно договорот направен за точките на таа седница, заради тоа што без најава беше поднесен Законот за технолошки развој, што уште еднаш укажува на несериозното однесување и немање стратегија од страна на

Владата. И, пофторно сакам да потенцирам, дека доколку е направен веќе еднаш договор, вие немате право да бирате што од тој договор ќе почитувате, а што нема да почитувате. Кога веќе еднаш е постигнат договор на такво високо ниво, кога веќе еднаш ќе поминат законите на комисиите во Собранието на Република Македонија, се очекува тој договор да биде испочитуван од сите актери кои учествувале во неговото донесување.

Вие продолжувате да го кршите договорот, да ги кршите договорите и да не ги почитувате како ќе очекувате понатаму да има доверба меѓу политичките актери, како ќе очекувате понатаму да почтуваат се она што е договорено на лидерските средби, меѓутоа само од страната на опозицијата, а Владата може да има комотна позиција заради тоа што може во секој момент да поднесе амандман или во секој момент може да повлече закон и во моментот без разлика на договорот ќе одлучи дали тој закон ќе го повлече и покрај тоа што е договорен или дали ќе поднесе амандман кој што не е договорен во таква содржина, туку во еден дел е договорен, а во друг дел ќе подметнеме некое решение кое што иде во прилог на Владата ама за кое што опозицијата прв пат ќе го види и практички не е дел од договорот.

Се плашам дека со ваквото однесување Владата покажува дека не е заинтересирана да корегира и работи на они прашања од извештајот на Европската комисија за која што има сериозни забелешки.

Се плашам дека и после една ипол година на власт Владата се уште е преокупирана сама со себе, се уште е повеќе заинтересирана за својот имиџ во јавноста, наспроти интересите на државата, наспроти тоа да биде заинтересирана за тоа што е интерес за граѓаните на Република Македонија, за почекот на преговори со Европската унија и за достигнување на оние стандарди кои што ние како држава многу години наназад сме одлучиле да ги достигнеме да бидеме дел од европското семејство.

Апелирам, значи министре, прво да дадете објаснение за амандманите кои ште се сега се доставени и да не информирате од кои причини не го испочитувавте договотор кој што е направен на лидерската средба заради тоа што амандманот не е во содржина што е договорен на таа средба. Очекувам одговор од вас. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓице Грковска.

За збор се јави господинот Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван минситре,

Сакам да се вклучам во оваа расправа по Законот за општа управна постапка, да ги искажам моите ставови што впрочем ги изнесовме и на Законодавно-правна комисија што всушност претставува став на СДС по однос на овој закон.

Прво, сите мора да се согласиме дека е потребно да имаме измени и дополнување на Законот за општа управна постапка, заради тоа што ова е закон што е превземен од поранешниот систем на Република Македонија, закон што, следствено на времето, мора да претрпи одредени измени, пред се во доусовршување, дозголемување на неговата примена, меѓутоа, исто така ова е закон што е од исклучителна важност на граѓаните на Република Македонија. Закон што го третира секој човек во државата. Токму заради тоа треба да пристапиме со поголемо внимани во делот кога се донесуваат измени и дополнувања на Законот за општа управна постапка.

Инаку, овој закон, неговите корени датираат уште од Кралството Југославија, меѓутоа се говори за еден закон доста квалитетен, прифатли, закон што бил еден од поквалитетните во делот на управната постапка и што ги остварувал интересите на граѓаните во тој период. Немаме причина да не направиме законско решение што ќе одговара на времето, меѓутоа, исто така и законско решение што ќе биде секако во интерес на граѓаните на Република Македонија.

Зошто тоа го говорам? Заради тоа што, иако важноста на овој закон се укажува и со тоа што за неговото донесување е потребно двотретинско мнозинство во Собранието на Република Македонија, дотолку повеќе што со овој закон и со одредбите на овој закон, со неговата примена, секој поединец во Република Македонија се среќава, од самото негово раѓање, со запишувањето во Матичната книга на родените, што дополнително му дава значење и важност пред сите други парнични закони, поради тоа што може да се случи одреден граѓанин во Република Македонија воопшто да не се сретне со ниту една судска постапка или парница во текот на неговиот живот. Меѓутоа, со управната постапка се среќава уште со денот на неговото раѓање.

Токму заради неговата важност, СДС прифати да овој закон биде дел од пакетот за кој што ќе се разговара на лидерските средби, за да го усогласиме, за да направиме квалитетно законско решение, за да инкорпорираме некои новини во законот што ќе бидат пред се во функција на поефикасна управна постапка, за задоволување на интересите на граѓаните и нивните потреби.

Тој наш став, изнесен и на договрот на лидерската средба имаше подршка и постигнавме одредени усогласување со парламентарното мнозинство, во делот на она што значи квалитет и применливост на Законот за општа управна постапка. Заради тоа што го предлагавме, пред се заради некои сегменти во законот, за што ќе говорам подоцна, беше исклучиво во функција на подобрување на

текстот на законот, намалување на најниско можно ниво на злоупотребите што можат да се јават при примена на ова законско решение на општа управна постапка и впрочем, мене лично ми даде еден сигнал дека сите заедно сме определени да направиме законско решение што ќе биде применливо, меѓутоа незаконско решение што ќе биде основ за одредени злоупотреби во Република Македонија. И заради тоа бев убеден, до денешниот ден, до добивањето на амандманот од страна на Владата и никако не размислував за некакви скриени намери од било кого во делот на одредени одредби од овој закон.

Прво, сакам да кажам дека во согласност со тековите во општеството, добро е што во законот има дека поднесувањето на документите може да биде по електронска форма, што се регулира на начин во Предлогот за изменување и дополнување на Законот за општа управна постапка и тоа е решение што СДСМ го подржува.

Исто така, сметаме дека начинот или допрецизирањето на доставата, во текот на управната постапка, што беше очигледно една од најголемите проблеми за спречување на активностите што течеа во управната постапка, одолговлекување на одредени предмети во управната постапка, сето тоа беше на штета на граѓаните, на оние што се корисници, за кои што државната управа би требала да биде во служба на граѓаните на Република Македонија, а не обратно. Значи, имаше сегменти што придонесуваа навистина да имаме заостанување во делот на ефикасноста на работењето на управната постапка. Ваквиот начин што се предлага треба да се допрецизираат одредбите, точно да се прецизира како и на кој начин се вршат доставите, ќе придонесе навистина да имаме поефикасна управна постапка во овој дел.

Намалувањето на роковите, рокот во кој што треба да биде решен одреден предмет од месец дена за понесложени предмети на 15 дена и од два месеци на месец дена за послужените предмети, исто така го сметам како едно нешто или како наша политичка желба и волја да навистина ги скратиме овие постапки што мислам дека во практика, се сомневам дали ќе биде до крај применливо заради одредени постпки што се водат пред управните органи, дали би имало доволно време во одредени сегменти да се заврши постапката во предвидениот рок, што секако ќе има импликации на она што значи молчење на администрацијата.

Меѓутоа, еве и тоа да го сметаме како забрзување на таа постапка, како решение што би било добро во делот на заштита на граѓаните кои имаат одредени управни постапки, осварување на сопствените права на полесен начин итн.

Усогласувањето во делот на она што значи со Уставот на Република Македонија, тоа е решение кое што се направи во членот 14 во општите одредби. Дали тоа требаше да се направи така, дали општите одредби требаше да ги отвораме во овој дел или на некој посебен начин можеше да го реши во текот на законското решение е исто така дискутабилно решение. Меѓутоа е прашање што може да се проблематизира.

За мене и за пратеничката група на СДСМ најголем проблем претставува регулирањето на молчењето на администрацијата, што значи одобрување. Тоа, како институт што се предлага да се воведе со Законот за општа управна постапка, дека молчењето на администрацијата значи одобрување, СДС го подржува. Го подржува од еден аспект што и тоа ќе биде во функција на скратување на ваквите постапки, од една страна. Од друга страна би требало да значи поефикасна, поажурна администрација во Република Македонија што треба ефикасно да ги решава предметите во управната постапка, а со тоа да ги задоволува интересите на граѓаните на Република Македонија.

Меѓутоа, ако детално се анализираат сите одредби што се однесува на институтот молчење на администрацијата што значи одобрување, ќе се види дека таму има една голема конфузија заради тоа што воопшто не се разработени начините и постапката како и на кој начин ќе се остварат правата во делот на молчење на администрацијата во сите оние сегменти што се предвидуваат или ќе бидат предвидени во материјалните закони во Република Македонија. Што значи, дека и денеска да го изгласаме Законот за општа управна постапка, сите постапки во делот на молчење на администрацијата нема да бидат спроведливи, заради тоа што ќе мора да се изменат низа материјални закони во Република Македонија.

Сега поставувам прашање, дали тогаш овој општ закон за управна постапка, што го носиме со двотретинско мнозинство, на што даваме сериозно значење, закон што егзистира на овие простори во државата сега или порано со години, не ја дерогираме неговата улога и функција со тоа што сите понатамошни постапки во делот на молчење на администрацијата ќе ги распоредиме по разни материјални закони. Меѓутоа, знам дека основата ќе ја црпиме од овој закон. Но, навистина се поставува прашањето дали овој закон веќе ќе биде со таква јачина каква што ја има.

Во делот на молчењето на администрацијата реков дека не сака во ниту еден момент, кога го гледав предлогот за донесување на Законот за општа управна постапка, дека има одредби што би придонеле да имаме злоупотреба на овој институт на молчењето на администрацијата.

Заради тоа што сметав дека сите тргнуваме, пред се, од претпоставката дека треба да ја поедноставиме постапката, да ја забрзаме, да биде поефикасна а со тоа да ги задоволиме интересите на граѓаните.

Во тој дел сметам дека мораме да најдеме механизми врз основа накои ќе ја спречиме злоупотребата на носителите на функциите во органите на државната управа.

Ваквото решение, морам да ви кажам, дека членовите 293-а, 293-б кои се однесуваат на институтот на молчењето на администрацијата се многу конфузни членови кои не даваат одговори или решенија на одредени прашања кои ќе се поставуваат во текот на управната постапка, членови кои ќе предизвикаат конфузија во Република Македонија и членови кои ќе придонесат да се заведат многу повеќе упрвни спорови наместо да ја скратиме таа постапка. Единствено нешто што овде се опишува е дека граѓанинот на кој не му е одговорено во рок од 30 односно 15 дена, во зависност од постапката која ја води, ќе му се признае правото на молчење на администрацијата, значи дека има подобрување. Меѓутоа, што понатаму?

Каде овде во овие одредби ги гледаме можностите за злоупотреба од страна на носителите на функции во органите на државната управа? Тоа го разговаравме и на лидерските средби, за што се согласи и претседателот на ВМРО-ДПМНЕ премиерот Груевски дека навистина мораме овој начин да го регулираме, но се прашувам дали се предомисли, кои му се аргументите, зошто се нуди решение кое е поинакво од она што го зацртавме како замисла во тој момент дека мора да бараме начин како да ја заштитиме постапката и да ги заштитиме граѓаните за да немаме злоупотреба заради тоа што повеќе сум од убеден дека одредени постапки намерно ќе бидат заостанувани во Министерството, ќе стојат во некоја од фиоките по нечија наредба, а по чија наредба освен на носителот на функцијата во таа државна управа, Министерството кое го раководи тоа лице и со самото молчење да значи одобрување за многу прашања кои ќе се отворат во управната постапка.

На пример, ако сакаме односно ако Владата сака да издаде одобрување за градба на одреден простор во Република Македонија и за тоа нема оправдување во јавноста или ќе има жестоки критики во јавноста едноставно ќе се направи преку институтот на молчењето на администрацијата, ќе значи одобрување, подносителот на барањето во тој случај ќе се повика на членот за молчењето на администрацијата, тој според законот не може да ја добие дозволата за градба, но ќе има друг основ да води управен спор за да ја добие таквата дозвола врз основа на она што го пишува во законот.

Меѓутоа, да кажам нема предизвикување на некаква штета по животот на луѓето, меѓутоа ако гледате за регистрацијата на лековите во Република Македонија што е и те како важно за животот и здравјето на граѓаните на Република Македонија спрема овој институт на молчење на администрацијата, а ние знаеме дека во јавноста се отворија полемики по однос на одредени лекови, па реагираше Лекарската комора, реагираа одредени сегменти од здравството во делот на регистрација на одредени лекови без претходни испитувања. Значи, со една ваква можност каде што ќе се молчи можеме да бидеме доведени во ситуација некој лек да биде регистриран во Република Македонија по правилото на молчењето на администрацијата, тоа значи одобрување и притоа да нанесе сериозни последици врз здравјето и животот на граѓаните на Република Македонија. Е, тоа е последица што многу тешко ќе може да се отстрани. Ако имаме бесправна дива градба која ќе овозможи богатење на одредена категорија на граѓани во Република Македонија или на луѓе блиски до власта во Република Македонија, до премиерот и е проблем и зло за државата, меѓутоа, ако имате регистрација на лек врз основа на молчењето на администрацијата тоа ќе претставува сериозен проблем за кој некој ќе сноси одговорност. За да не направиме таков пропуст во делот на управната постапка треба да се предвидат јасни казнени одредби во делот на функционерот.

Она што е предложено денеска од страна на Владата укажува дека не соодветствува на договорот кој беше постигнат на лидерската средба. Заради тоа што членот кој се однесува на одговорноста гласи: функционерот кој раководи со органот односно раководното лице кое постапува по поднесокот или службеното лице кое има овластување од функционерот кој раководи со органот да одлучува во одредена постапка утврдена со закон за неизвршување на службена должност или не донесување на решение согласно ставот 2 од овој член, ќе одговара под услови и постапка утврдени со закон, а начинот на постапувањето на поднесоци ќе се пропише од страна на функционерот кој раководи со органот.

Овде е релативизирана одговорноста на функционерот. Овде се праќа јасна порака дека вие на врвните позиции во министерствата и во другите државни органи на управа можете слободно да правите одредени решенија или да исполнувате налози во овој случај на Груевски и луѓето околу него, меѓутоа за одговорности има и некои други. И раководители на одделенија, раководители на стручни служби, луѓе кои добиле овластувања од министерот како и на кој начин да постапуваат.

За сите вработени во државната управа има предвидени дисциплински мерки врз основа на кои тие сносат одговорност за сопствената работа. Не треба дополнително наместо да ги ствиме на преиспитување функционерите во државната управа, ние повторно удираме по вработените во државната администрација. Повторно сакаме вината да ја свртиме кон некој

друг, кон државната администрација, кон оние кои работат според нечиј налог.

Со ваквото законско решение јас сум убеден дека на Груевски ич око нема да му трепне да жртвува пет луѓе во Министерството за транспот и врски, ама нема да го даде Миле Јанакиески за жива глава, заради тоа што ќе има основ да го скрие. Или во МВР или во било кој сегмент, освен ако не е од коалициониот партнер, за нив може нешто да реши.

Според тоа, господине министер сакам овој амандман да си го вратите на Влада да го доразработи односно да го прецизирате во смисла за која се договоривме на средбите помеѓу политичките партии. Да се стави јасно до знаење дека во случај да се најде еден предмет во кој било кој носител на функција во Министерството или раководител на орган на државна управа намерно направил пропуст врз основа на кој ќе додели одредена дозвола, лиценца и тн. тој лично ќе ја сноси одговорноста. За него нема да биде заштита ниту ВМРО-ДПМНЕ ниту Груевски, ниту некој од неговото семејство, туку тој ќе си одговара врз основа на одредбите на овој закон. Инаку во спротивно праќаме јасна порака дека нив можеме да ги амнестираме од секаква одговорност. Зошто? Заради тоа што има многу други раководители, одделенија, службеници кои ќе сносат одговорност. Впрочем, тие и до сега тоа го правеа, најлесно е за се што се случува во Министерството дајте некој раководител ќе го уапсиме тој е виновен за целата работа, тој направил ова, направил она, а знаеме дека крајниот збор го има министерот или раководителот на државната управа.

Сега се вр̀кам назад, сега апсолутно не сум убеден, како што бев убеден до пред малку или до донесување на овој амандман дека Владата има искрена намера со институтот на молчењето на администрацијата што ќе значи одобрување да направи ефикасна постапка во делот на управните постапки. Напротив, сметам дека со едно вакво решение во кое не сакате да внесете одредба со која најстрого ќе се казни носителот на органот на државната управа сакате да направите место за одредени постапки да ги завршите токму преку овој институт на молчење на администрацијата и со тоа ниту јас ниту моите колеги од СДСМ нема да се согласиме заради тоа што бараме применлив закон, закон кој ќе донесе ефикасна постапка и закон од кој ќе се види децидно дека некој ќе сноси одговорност, а кој е тој? Освен ако не првиот човек кој раководи со тоа министерство или со органот на државната управа.

Покрај другите забелешки кои ние од СДСМ ги имавме на Предлогот за изменување и дополнување на Законот за општа управна постапка и за кои укажувавме и забелешки преку кои можеме да поминеме, ова е забелешка преку која нема да можеме да преминеме, ова е забелешка која е една од најсериозните не заради нас од СДСМ, туку заради граѓаните на Република Македонија и заради Република Македонија и заради определбата дека сакаме да застанеме на патот на криминалот и корупцијата во Република Македонија. Не да направиме механизам врз основа на кој уште еднаш ќе можеме да ги штитиме министрите, посебно во одредени министерства кои работат под диктат на Груевски, доделуваат маркици, парцели, дозволи за градби, одобрување за изменување на урбанистички планови и тн. заради задоволување на партиски интереси, туку напротив ќе направиме се таквите министри да ги санкционираме и тие пред се да гледаат опасност од законското решение, а не да гледаат опасност од милоста на премиерот или на делот од Владата.

Овој закон значи исклучиво казнување на органите на државната администрација додека можност за амнестија на раководителот на функцијата.

Посебно сакам да кажам добро е што за прв пат се воведува управната статистика за да имаме статистика како и на кој начин се постапувало по управните предмети. Меѓутоа, сите овие работи кои се добро направени се во сенка на она што се понуди од Владата уште пострашно од концептот кој се нуди, што не значи забрзување на постапката и ефикасност без можност за злоупотреби, туку напротив мислам дека е за други цели и тоа го докажавте со еден таков амандман. Благодарам.

**Благој Зашов:** Му благодарам на господинот Спасовски за дискусијата.

За збор се јави министерот за правда, повелете министре.

**Михајло Маневски:** Благодарам господине потпретседателе.

Сакам да се произнесам околу некои прашања кои беа поставени во досегашната расправа по законот за изменување и дополнување на Законот за општата управна постапка. Пред се сакам да изразам согласност и да изразам верба во тоа што поддршката што се дава на овој закон на неговите клучни решенија од сите пратеници кои до сега зедоа учество во расправата, очигледно ни дава за право дека во конципирање на одредбите од овој закон што има функција за унапредување и ефикасност на управната постапка секако дека одат во насока на тоа дека треба да се обезбеди поефикасна заштита на правата и слободите и обврските на правните и физичките лица односно на граѓаните на Република Македонија.

Мислам дека не може апсолутно да се работи за никаква скриена намера во конкретниот случај, туку се работи за тоа да се намалат оние долги и тешки постапки, скапи постапки за граѓаните на Република Македонија кои беа изложени со месеци, по некогаш и со години да не можат да ги

остварат своите права кои им се гарантирани со Уставот и законите.

Можам само отворено да ви кажам дека и на владините комисии каде се сретнавме со нерешени иљадници предмети во второстепената постапка некаде над 2000 предмети. Само едно да ви спомнам, вчера потпишав една информација до Владата на Република Македонија која говори за нерешени управни предмети пред Врховниот суд на Република Македонија кои беа до вчера, а да знаете колкав е тој број, има некаде 6.750 нерешени управни предмети во управните спорови. Можете да замислите колку граѓани стојат зад сето тоа. Само ако ви кажам дека од тие околу 20%, околу 1.200 предмети се однесуваат на постапките за денационализација на имотот. Ако и постапката за денационализација траела по две, три или не знам колку години и во Врховниот суд постапките траеле од 2005, 2006, 2007, 1.200 постапки, тогаш можете да замислите какво е мислењето на граѓаните и какво може да биде мислењето на граѓаните за постапките кои очекуваат да бидат решени во еден разумен рок.

Ако една управна постапка не се реши за 30 дена или како што до сега не се решаваше ни за 60 дена, верувајте огромниот број на жалби на граѓаните се токму поради молчење на администрацијата. Меѓутоа, молчење на администрацијата е на штета на граѓаните. Сега молчењето на администрацијата да не е на штета на граѓаните, туку во функција на остварување на правата на граѓаните. Не се работи за никаква повреда, за ничие право, ниту може да стане збор за тоа дека при конципирањето на овие одредби се црпело од некакви идеи за заштита на вршењето на некакви функции или за вршењето на некаква службена заштита, некакви службени лица во врска со вршењето на функциите.

Сакам да ви кажам дека до сега од практиката што ја имавме, никој не се осврна на овој член од законот, каде по еднаш, два пати, три пати или четири пати се укинуваа првостепени решенија од страна на првостепените комисии и се така одеше од година во година, меѓутоа, сега законот создава обврска ако еднаш е укинато решението во управната постапка, второстепениот орган е должен мериторно да одлучи, а не да го повторува и враќа предметот на повторно одлучување.

Јас мислам дека роковите од 30 дена да се донесе едно решение или за издавање на некакви потврди или некакви уверенија кои не бараат долга постапка од 15 дена се сосема доволни да ги решат прашањата на граѓаните од страна на органите на управата, впрочем за тоа постојат да бидат во функција на решавање на правата на граѓаните.

Да се осврнам околу ова што беше повеќе пати спомнато, амандманот кој го поднесе Владата и кој се однесува токму на одговорноста на функционерот и како гласи амандманот.

Амандманот го дава акцентот на одговорност на функционерот кој раководи со органот. Тоа значи одговорност на министерот. Меѓутоа в едно министерство нема само министер, во едно министерство има и органи во состав. Земете го Министерството за финансии или било кое каде има Царинска управа, каде има Управа за јавни приходи, каде има Дирекција за спречување на перење на пари, тоа е дикцијата, ако пречи зборот “односно”, а не слушнав дека некој тоа го оспори, но тука има раководители кои раководат со тие органи на управата во состав на тоа министерство. Дали значи дека тие не можат да одговараат ако се случи во тие органи да бидат односно не бидат донесени решенија во управната постапка во рокот што го пропишува законот. Или одгворност на службеното лице. Мислам дека се работи за казнено правна одговорност. Кривичниот законик во членот 122 ги определува поимите на функционер, ги определува поимите на одговорно раководно лице и го определува поимот на службеното лице. Дали значи во едно министерство кое има 1.500 или 2.000 службеници дека министерот не може да пренесе определени овлстувања на друго лице. Тоа значи дека практично одговорноста ќе биде и на тоа службено лице кое има одредени овластувања кои му се пренесени од страна на министерот.

Меѓутоа, уште еднаш ќе повторам, во дикцијата на амандманот примарна е одговорноста на функционерот, тоа значи на министерот кој раководи со органот на управата. Нема да биде сеедно и сакам да ве уверам дека Владата најсериозно ги смета и најсериозно ги зема во предвид сите овие укажувања што се однесуваат за одговорноста и на функционерот, за одговорност и на раководителот и на раководното лице и со одговорноста на службеното лице. Таа одговорност е пред се ако во едно министерство, во еден орган во состав се случат вакви постапки да не се донесат решенија или во друг орган во состав или орган во состав како правно лице, тогаш мора да се постави прашањето за одговорност на министерот заради тоа што министерот и по начелото на објективна одговорност, по начелото на невршење на доволен надзор или невршење недоволна контрола самиот е одговорен заради тоа што не презел соодветни мерки за ефикасно функционирање на службите или органите во состав или на службените лица во оние раководни единици.

Мислам дека тоа е дикцијата на овој амандман и акцентот се става на функционерот кој раководи со органот, а не алтернативно да се пренесува или одговорноста да се сведе само на службените лица. И службените лица имаат одговорност. На крајот на краиштата за сето тоа, ние тоа го говоревме и на лидерските средби и

мислам дека акцентот беше ставен на тоа во Законот да се предвиди одговорност поради непостапување во определените рокови или доведување во ситуација да не се донесат решенија поради молчење на администрацијата. Мислам дека тоа е вградено во овој амандман.

Мислам дека, кога се однесува на одредени решенија кои ќе се дадат во другите закони, очигледно дека е ова закон за општата управна постапка. Посебните закони, звисно од материјата која ќе биде регулирана, определуваат начини по кои тие органи треба да постапат за донесување определени акти, дали е тоа одобрение за градење, дали е тоа дозвола за носење оружје, дали е тоа урбанистичка согласност или не знам се какви акти треба да бидат донесени во рамките на функционирањето на органите на управата.

Сакам, почитувани пратеници да останете со сознание и да ги памтите овие зборови што ви ги кажувам дека примарна одговорност е на министерот и на функционерот што раководи со органот на управата и Владата преку своите институции во вршењето на надзорната функција и те како ќе води сметка за спроведувањето на одредбите од овој закон. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам министре.

За реплика се јавија повеќе пратеници.

Прв за реплика се јави господинот Тале Герамичиоски, повелете.

**Тале Герамичиоски:** Благодарам потпретседателе.

Господине министер, провоциран од она што го кажавте во врска со инсрументот административно молчење, би сакал преку еден пример што ќе ви го посочам, да ни појасните дали е можна применливост на овој закон во онаа форма во која вие ја определивте.

На пример, јас поднесувам барање за денационализација. На тоа земјиште е изграден објект и државата не може да ми одговори позитивно во онаа форма, да ми го врати земјиштето туку определува по некој тарифник кој постои некоја сума од 100 илјди евра, со која сума треба да бидам обештетен заради тоа што на тоа место постои објект од државен интерес. Во рок од 15 дена јас не добивам одговор од Министерството односно од институциите кои го вршат процесот на денационализација. Дали тоа значи дека 16-от ден јас можам да сметам дека ми е позитивно одговорено на моето барање и можам да одам кај тие државни органи и да си ги барам 100 илјади евра. Теоретски, ако јас отидам таму, врз основа на каков документ јас ќе ги барам тие средства за обештетување и кој ќе биде одговорен за незавршување на процесот. Значи административното молчење може да има одреден ефект во одредени случаи, но се плашам дека во некои други случаи ќе предизвика недоразбирања и повторно ќе наидеме на еден нов ѕид во кој граѓаните нема да си ги остваруваат своите права согласно законот, заради административни бариери или процедури или бирократија која е или ќе биде присутна и во овие процеси.

Јас би ве замолил да одговорите на еден поедноставен пример, што ќе се случи во тој случај, во однос на тој амандман што го дадовте. Дали ќе значи дека одговорното лице во таа институција ќе ја сноси одговорноста и ќе одговара пред законот заради тоа што имало административно молчење, значи, во тој рок не се добил ниту позитивен ниту негативен одговор. Благодарам.

**Благој Зашов:** Ви благодарам.

Втор за реплика се јави госпоѓица Славица Грковска повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам

Јас се надевам дека тоа што министерот не одговори, не значи дека веднаш почна да го применува законот и покрај тоа што сеуште не е донесен, да молчи на нашите барања, заради тоа што вие министре ниту еднаш не одговоривте на сите наши дилеми кои до сега ги искажавме. Вие повеќе зборувавте за причините заради кои треба да се донесе законот, за кои рековме дека ние се согласуваме дека треба да се напрви механизам за побрзо завршување на постапките и за поголема ефикасност на администрацијата. Меѓутоа вие ниту еднаш не одговоривте на сите укажани примери за можна злоупотреба на законот, со кои реално ќе се соочиме. Кажавме дека тие се само еден мал дел од цела плејада на можни злоупотреби за кои дури во овој момент не можеме да се сетиме за тоа што е многу општ законот и не знаеме за кои се постапки точно ќе се применува.

Ќе ви посочам еден пример што можеби е еден од најеклатантните а кој го има во писмото од Сорос. Имено, и покрај тоа што Владата се обидува во изминатиот период да се претстави себе си во јавноста како една од најтранспарентните влади, аргументите кажуваат друго. Аргументите кажуваат дека согласно Законот за пристап до јавни информации, најголемиот дел од граѓаните не ги добиваат потребните информации што Законот им дава право да ги добијат.

Сега јас ве прашувам, до колку упатам до вас писмо, јас како граѓанин за да ми доставите информации, што имам право согласно Законот за слободен пристап до јавни информации, а вие не ми доставите одговор. Што значи тоа? Дека можам да имам пристап до јавните информации, дека треба да дојдам кај вас во Министерството, да влезам во базата на податоци, или да влезам во Архивата и сама да си ја земам информацијата? Меѓу другото ваквото решение на граѓаните и тоа ќе им го овозможи. Вие немате одговор на ваквите примери. Затоа ве молам да одговорите на сите дилеми кои може да

предизвикаат огромни проблеми и хаос во функционирање на системот.

Второ и многу крупно, вие неодговоривте на нашето барање, да објасните зошто го прекршивте договорот кој е направен на лидерската средба. Како претставник на Владата и учесник во договорот, вие имате обврска да не информирате. Бидејќи нема нова лидерска средба за да дознаеме кои се причините, вие имате обврска да ни кажете, зошто Владата, зошто ВМРО ДПМНЕ не го испочитува договорот направен на лидерската средба кој меѓу другото се однесува и на овој закон, заради тоа што за претходните видовме дека се однесуваше потполно исто.

**Благој Зашов:** Благодарам.

За контра реплика се јави министерот за правда, повелете.

**Михајло Маневски:** Мислам дека е многу сериозно да се каже дека Владата не го испочитувала договорот заради тоа што овој амандман е токму во врска со договорот што беше постигнат на тие лидерски средби и децидно да се каже дека Владата не го почитувала договорот и да се фрли една сенка дека, еве Владата не го почитува тоа што е договорено, мислам дека е необјективно.

**Благој Зашов:** Благодарам министре.

За реплика се јави господинот Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам потпретседателе.

Во образложението што сега го имавте во говорот, употребивте еден термин - ве уверувам дека такво нешто, во смисла на молчење на администрацијата, нема да се случи од страна на ниту еден функционер.

Уверувањата не треба да ми ги дадете мене или на Собранието на Република Македонија. Тоа мора да произлегува од законска норма со која ќе бидат уверени тие што раководат со органот на државната права дека ќе сносат одговорност во овој дел. Инаку, тоа ми личи како, кога беше расправа за Законот за цркви и религиозни групи, исто така се велеше, ве уверувам дека нема шанса да се запише во судскиот регистар друга црква во Република Македонија. Ќе видиме во 2008 година дали е така. Но, овде јас сум сигурен дека има можност да се амнестираат министрите заради тоа што ќе го употребат намерно институтот на молчење на администрацијата. Тоа е нашата интенција за која се залагаме.

Зошто велиме дека Владата не го испочитува тоа што е договорено? Затоа што во амандманот не побаравме ние одговорност за раководител на одделение, на службено лице итн. Тие имаат одредби во Законот за државни службеници на кој начин одговараат. Бараме одговорност за функционерот, за носителот на раководната функција во органот на управата. Тој е оној кој може да даде одредени наредби, тој е тој кој може преку овој институт да продуцира разни документи, дозволи, лиценци и одобренија и зад што ќе се задскрие. После тоа ќе биде виноен некој друг. Ако ни е таква тенденцијата и замислата и на нас од опозицијата и на вас од Владата на Република Македонија, дајте еден таков амандман. Ако не е таква тенденцијата, ако сакате да се задскриете зад некои други раководители во Министерството, јас ви кажувам дека се сомневам дека преку овие одредби сакате да вршите злоупотреба на ова право.

**Благој Зашов:** Благодарам.

За збор се јави госпоѓа Радмила Шеќеринска, повелете.

**Радмила Шеќеринска:** Господине потпретседателе, господине министре, тезата што ја бранеше Владата кога го промовираше овој закон и тезата за која доби целосна поддршка од СДСМ, денес, особено со вака дефинираниот амандман, паѓа во вода.

Ако денес го усвоиме законот, така како што ни го предлага Владата, јас сум убедена дека овој институт - молчење на администрацијата и овој закон за измени на Законот за општа управна постапка, нема да биде закон за граѓаните и заштита на нивните права, туку закон за заштита на министрите и нивното можно криминално или коруптивно однесување.

Сега сакам да кажам зошто сметам дека Законот нема да им помогне на граѓаните да ги остварат своите права, а зошто може да претставува покритие за можен криминал и корупција во било која институција и во било која Влада.

Главниот проблем со овој закон е што теоретски предвидува дека во случај администрацијата да не даде одговор на одредерно барање на граѓанинот, да не даде решение или било каков друг документ по барање на граѓанинот е дека веднаш потоа институцијата ќе мора да го издаде решението. Вака на хартија тоа изгледа добро, знаете, ќе го читаме законот и ќе кажеме одлично, на овој начин граѓаните ќе бидат заштитени од бавна администрација и по некогаш и корумпирана администрација или функционери. Меѓутоа, проблемот во Македонија не е во непостоењето на добри закони. Проблемот во Република Македонија е што законите се носат обично или со друга цел, или се носат, а потоа се забораваат. Јас ќе ви кажам неколку примери.

Погледнете што ни се случи со законот во поглед на осигурувањето кој го изгласа ова Собрание, по барање на Владата на Република Македонија.

Бидејќи законот, брзајќи, се донесе, а претходно институциите, а ниту и граѓаните не беа информирани и подготвени, сега ни се случува нашите грѓани кога треба да одат и да регистрираат автомобил, практично никој да не знае да им одговори на прашањето од каде треба да земат документ за осигурување, дали треба а се шетаат низ пет институции низ градот за да ги

земат, па дури потоа да добијат регистрација и всушност ни се случи, Влада која промовираше едношалтерски систем, наместо да го намали бројот на шалтерите пред кои граѓанинот треба да тропне, да го зголеми бројот на тие шалтери и да го размести низ 10 институции. Наместо да им олесни на граѓаните, ја усложни работата. Слично ни се случува и со законите кои претходно се донесени. Беше спомнат законот за слободен пристап до информаициите. Што му вреди, еве што ми вреди мене како пратеник и граѓанин на Република Македонија што во законот пишува дека имателот на информација мора да ми ја даде информацијата, кога јас лично и многу пратеници треба по десет пати да пишуваат писма во различни институции во државата или до Антикорупциска комисија и упорно да не добиваме одговор на прашањето. Се сешавате дека неколку пратеници од СДСМ поставија прашање за различните реклами кои ги плаќа Владата на Република Македонија. Согласно законот ние сега требаше 10 пати да добиеме одговор. Единствен исклучок беше Министерство за финансии, кое даде одговор по неколку пати пишување уште едно барање односно пишување ургенции.

Зошто ни е битно како граѓанин што законот ни го дава правото, кога некој моќник во министерствата или министерот вели не. Која е гаранцијата дека овој закон Владата ќе одлучи да го почитува, иако не ги почитувал претходно донесените од себе, закони. Значи тој пример со Законот за слободен пристап до информациите, со некоклу други закони кои се однесуваат на Антикорупциската комисија, покажува дека многу од одредбите во Законот не ја обврзуваат Владата. Меѓутоа, како што реагираа и некои невладини организации и некои експертски групи, не е тука единствениот проблем.

Кога граѓаните најмногу се нервираат од однесувањето на администрацијата? Во многу секојдневни прилики. На пример ако треба да почнат да градат куќа, ако треба да почнат да градат било каков стопански објект, треба да се прошетаат низ 10 институции и тие да им дадат соодветни решенија. Што ако после 15 или 30 дена администрацијата молчи? Тој повторно нема ништо да добие на хартија. После велиме функционерот треба да му потпише. Што ако не му го даде тоа? Што ако една невладина организација, како што го имаме споменатиот пример, бара да биде ослободена донацијата од давачки,согласно законот за донации и спонзорства, кога на неа, за да се ослободи од данокот и е потребно соодветно решение од Министерството за правда и ќе дочека 15 дена, 30 дена, ќе побара од вас да добие такво решение. Ако пак не и го дадете, што ќе си направи таа невладина организација, во џеб ќе си го стави фактот дека сте молчеле, значи има решение. На хартија ништо нема. Ќе отиде во Управата за јавни приходи, таа, бидејќи нема документ, нема да и даде ништо.

Значи, овие одредби од законот не значат заштита на граѓанските права. Зошто? Заради тоа што немате предвидено соодветни казни на кој начин ќе одговара министерот или државниот секретар, или луѓето во Министерството, доколку не постапат согласо овој и согласно другите закони.

Министерот спомна дека тоа било дел од договорот на претходните лидерски средби.

Одговорно тврдам и сакам овде да ги убедам сите пратеници дека на последниот состанок постигнавме два договори. Едниот договор беше дека сите се согласивме дека има потреба од донесување на овој закон и дека има потреба молчењето на администрацијата да го направиме да игра во служба на граѓаните. Меѓутоа, имаше и втор договор, а тоа е договор кој значеше дека овој закон со овој текст не ги решава сивите или црни дупки на досегашната постапка. Претставниците од Владата се согласија дека сеуште не е изготвен список на решение и документи за кои ќе важи молчењето на администрацијата. Премиерот и министрите тоа го потврдија дека сеуште не е прецизирано во кои случаи по автоматизам ќе се добива тоа решение и тој документ, а во кои случаи тоа не може да биде така.

Второ, сите се согласија дека одредбите за казнување односно за одговорност треба да се разработат.

Сега сакам да дадам образложение зошто мислам дека овие две работи за кои се договоривме, а не се испочитуваа, зошто се важни.

Прво, зошто е битно да се определи кои се ќе бидат решенијата што ќе потпаѓаат под молчењето на администрацијата.

За разлика од администрацијата која молчи, телефоните на многу пратеници молчат. Денес, како и на други седници, се надевам дека се снашле со новите телефонски апарати и дека ќе можат да ги замолчат. НО, да се вратам на темата.

Прашањето е следно: Што ќе се случи кога е ден граѓанин на Република Македонија, кој бара дозвола за оружје, отиде во Министерство за внатрешни работи, достави барање и од различни причини, дали корупција на некој службеник или бавност на администрацијата, тие не му одговорат ништо во рок од 30 дена. Што ќе се случи, ако дадениот службеник во Министерство за внатрешни работи не констатирал дека тој граѓанин, согласно правилниците,согласно законот, не би требало да добие дозвола за оружје и дека ако ја има дозволата за оружје и ако има оружје е закана за безбедноста, здравјето и сигурноста на граѓаните. Дали молчењето на администрацијата ќе го употребиме во вака чувствителни случаи и

некој заради, наводно, молчење на администрацијата или заради потплатено молчење на администрацијата ќе почне да се шета со оружје, не казнето, по улиците на Македонија.

Што ќе се случи ако еден загадувач како што е на пример ОКТА, наместо да бара одобрение заради некои еколошки стандарди и да биде оценувана согласно тоа колку сулфур произведува, колку загадува воздух, колку загадува почва, да почека 30 дена и заради молчење на администрацијата или платено молчење, потплатено молчење на администрацијата после одреден број на денови се прошета со дадено, поклонето решение. Е, сега знам дека ова нема да се случи со ОКТА, заради тоа што ОКТА си наоѓа попрефинети начини да дојде до дозвола па Владата со новогодишниот договор и ги дава на тацна без да провери ниту еден податок, без да тестира дали се загадува здравјето. Тоа што денеска или на 31 декември го направи Владата на ВМРО-ДПМНЕ да и дозволи, значи со свој потпис на ОКТА да продолжи во следните 18 месеци, да не труе сите нас, утре може да го прави некој друг загадувач на тој начин што ќе потплати еден министер или еден вработен во администрацијата само да молчат. И на тацна да добие, ако така ја изиграла работата, на тацна да добие одобрение или решение за работа, решение дека ги задоволува стандардите. А никој во тие 30 дена да не отиде и измери колку е загадувањето и дали е во рамките на дозволеното. Тоа е значи, што се однесува за прашањето за кои се решенија и за кои се прашања молчењето на администрацијата ќе функционира. Затоа на последната лидерска средба се договоривме дека пред да продолжиме со разгледување на законот дека ќе добиеме од Владата список во кој се закон ќе се интервенира. И самиот министер тогаш кажа, дека без да се донесат сите тие закони овие одредби нема да бидат применливи, значи мораме ние во секторските закони да кажеме како, дали за нив ќе важи или нема да важи молчењето на администрацијата и на кој начин сето тоа ќе се регулира. Токму поради тоа не ми е јасно зошто има потреба од брзање, затоа што таков список не добивме.

Втората причина зошто беше спорен законот и зошто очекував повторно да го дискутираме на лидерските средби е тоа што сите можат да одговараат, ама не е јасно на кој начин ќе ја носат одговорноста првите луѓе во институцијата. Значи, Владата кажа дека и самата седница недефинирала кој од одговорните лица ќе се смета за одговорен доколку молчењето на администрацијата биде злоупотребена. И сега наместо да имаме договор околу тоа, намисто да дефинираме многу прецизно, кој ќе одговара заради тоа што молчел, кој ќе одговара и како ќе одговара доколку намерно молчел. Ние добиваме амандман во кој што не е јасно, ама апсолутно не е јасно кој точно ќе одговара. Ова е алиби-амандман. Ова е амандман кој ќе го користи секоја Влада и секој министер и секој директор за да ја забошти својата одговорност. И не можете да ме убедите дека желбата на Владата е молчењето на администрацијата да работи за граѓаните, а не за министрите. Ова е покритие за неодговорна или корумпирана работа на било кој министер или било кој раководител на некоја државна институција.

Пазете, во едниот во амандманот кој накнадно го достави Владата се вели дека функционерот кој раководи со органот и сега стои најдобриот збор “односно” раководното лице кое постапува по поднесокот или службеното лице кое има овластување од функционерот итн, тие ќе одговараат под услови во постапка утврдени со закон. Тој закон е некој друг. Кога ќе дојдат да дискутираме претпоставувам дека тогаш пола од Владата ќе заборави дека сме се договориле да има одговорност за министрите. Меѓутоа, многу интересно е, вели, начинот на постапување по поднесоците ќе се пропише со акт од страна на функционерот кој раководи со органот. И сега што ќе ни се случи, секој министер ќе си направи после овој алиби-амандман ќе си направи еден алиби-акт и ќе ја подели одговорноста на 100 луѓе кои што зависат од неговата добра волја и ќе каже ти си одговорен за потпишувањето за ова, ти си одговорен за нешто друго, а јас ќе ти кажам како ќе работиш и ако утре некој носи одговорност нема да бидам јас туку тоа ќе бидат државните службеници.

И на лидерската средба и овде ќе го искористам примерот со општина Центар. Во општина Центар, Советот на општината донесе од различни интереси и поради дефинитивно криминал или корупција, донесе измена на деталниот урбанистички план, со која на неколку луѓе кои имале имот во малиот ринк им ја зголеми вредноста на имотот за 10 или повеќе милиони евра. Пазете, една одлука позади која стојат милиони евра интерес за да општината го донесе тој детален урбанистички план, зелено светло на тој криминал и корупција мораше да даде министерот за транспорт и врски. За жал, криминалот помина со амин на минстерот и покрај тоа што бегаше од телевизиски соочувања и покрај тоа што бегаше од соочување од пратенички прашања и покрај тоа што се трудеше да каже дека не потпишал таква согласност. Потпишал, меѓутоа на тој пример се покажа дека министрите заради тоа што ставиле потпис за согласност можат да носат одговорност. Јас сум убедена дека министерот Јанакиевски за тоа кај и да е ќе одговара. Е сега министрите смислија со овој закон начин како да даваат согласно за ваквите криминални зделки, а сепак да не одговараат лично за тоа. Ако важеше ваквиот нов закон господинот Јанакиевски едноставно ќе одлучеше да не и одговара на општина Центар и ќе и јавеше на

градоначалничката, твојата партиска колешка Аларова, ќе му јавеше на претседавачот на Советот својот партиски колега и близок на блиските околу премиерот ќе му јавеше, слушај прати барање за согласност, јас нема да ти одговорам 30 дена и потоа по силата на законот ќе мора да ти дадам позитивно мислење односно согласност или било како да се крсти тој документ. Кога ќе дојдат да ме критикуваат овие од опозицијата или медиумите или невладините оргранизации дека сум покрил и сум дал согласност за криминал, корупција и конфликт на интереси, јас ќе кажам не дадов согласност, туку заради молчење на администрацијата мораше некој во Министерството да потпише. Тоа ли ни треба, дали ни треба закон кој ќе легализира и ќе амнестира криминал и корупција на различните нивоа на власт. Тоа што пред некој ден сакал да го направи министерот Јанакиевски утре ќе посака да го направи некој друг, задутре можеби некој во адиминстрацијата. Ќе ја легализиаме и ќе ја оправдаме корупцијата која што ни ја јаде економијата, ни го јаде и општиството, ни ја јаде и државата. Сега само ќе им дадеме легален облик.

Затоа, предлагам и до министерот и до Владата. Дајте или да престанеме да глумиме лидерски средби, бидејќи нема потреба, бидејќи не го почитуваме договореното и си ги пуштаме законите и покрај тоа што не се усогласени како што е случај овој закон, како што е случај со Законот за градежно земјиште или ако навистина сметаме дека тие средби се потребни овој закон мора да се доработи. Затоа мојот предлог денеска би било да гласаме за потреба на донесување на измени на Законот за општа управна постапка, за тоа мислам дека ќе добиете подршка од сите пратенички групи, сметам дека ова прашање треба да се реши, ама треба да се реше да им помогнеме на граѓаните, а не на министрите. Во меѓувреме откако ќе го поминеме ова во прво фаза, да се седне и сериозно да се разговара. Тогаш Владата во меѓувреме може да ги подготви сите закони секторски, тогаш може јасно да прецизира за кои решенија, за кои дозволи, за кои документи ќе важи молчењето на администрацијата, а за кои не и тогаш можеме да седнеме и многу прецизно да напишеме, кој ќе ја носи одговорноста за било какво злоупотребување на законот. Јас често пати им велам на правниците што ми се колеги пратеници и во партијата, се додека не научиме да пишуваме многу прецизни закони ќе имаме проблем со корупцијата и криминалот. Вакви закони во кои што не се знае ни главата ни опашката по најважното прашање, а тоа е прашањето на одговорноста поттикнуваат криминал и корупција. Мислам дека атмосферата и на таа лидерска средба беше да се најде добар закон, а не само да се истрча и да се усвои законот, а потоа да се соочиме со последиците. Јас сметам дека и министерот бидејќи беше таму присутен, свесен е дека постои желба овој закон да помине низ Собранието. И во тоа име би го повикала и самиот да се согласи, да даде зелено светло и да го повика Собранието, да ја изгласа потребата за донесување на закон, значи да помине денес законот во прва фаза, а да седеме заедно, пред се Министерството за правда и сите други и да дефинираме каде граѓаните ќе добијат подобра и поедноставна администрација. Благодарам.

**Благој Зашов:** И благодарам на госпоѓа Шекеринска за говорот.

Само да прашам дали госпоѓа Дулиќ е за реплика?

Повелете госпоѓо Дулиќ вашите три минути за реплика.

**Благородна Дулиќ:** Мислам дека во случајот сите овие реакции што доаѓаат од страна на колегите од опозицијата е заради недоразбирање и можеби делумно непознавање на материјата.

Сакам да кажам дека, донесување на решение во смисла на член 493-а не е дозволено во сите случаи кога ќе се појави некоја странка со одредено барање, па не се одлучува во определениот рок ведаш да настапат последиците од примената на овој член. Изричито е назначено дека во материјалните закони ќе бидат определени кои ќе бидат тие барања по кои што ќе се постапи на ваков начни со тоа што тие барања мора да бидат однесени во строго-пропишана форма и содржина определени со материјалниот закон.

Потоа, тие барања морат да бидат пополнети на пропишан образец кој што ќе биде припремено од посебните министерства и тој образец не е заради некоја форма туку ќе биде запазена и содржината во врска со посебното барање кое што е предмет на барањето, поткрепено со конкретни докази кои што стрикно ќе бидат назначени во тој образец за одредено барање, така да кога тие сите докази ќе бидат обезбедени, кои се назначени во материјалнот закон и во образецот и потполнет образецот со сите тие податоци во 99 сличаи органот нема да има друг излез односно да донесе решение со кое ќе се удоволи барањето на подносителот на барањето.

Што може да биде злоупотреба на лицата кои што ќе треба да донесат решение заради молчење на администрацијата. Тоа ќе биде доколку не се исполнети условите од став 2 на член 293-б, односно да донесат решение за молчење на администрација ако не се исполенети условите член 193-а став 1 и 2 односно ако поднесокот не содржи формални недостатоци, да не се доставени сите прилози кои што се бараат, да не поминал рокот за решавање и ова барање да биде ненавремено. Во тој случај автоматски ако се одлучи вака тогаш се прави кривично дело, колеги, злоупотреба на службената положба. Според тоа

нема потреба да се одлучува на друг начин и да се препишуваат други одговорности. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам.

За контра реплика се јави госпоѓа Шекеринска, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Предлагам излагањето на госпоѓа пратеник по писмена форма да му се достави до министерот за правда и до Владата бидејќи таа само даде дополнителни аргументи зошто денеска само во прва фаза да го поминеме законот. Денеска да го усогласаме законот и денеска да го изгласаме од утре граѓаните нема ништо да добијат, затоа што ќе ги чекаат материјалните закони кои ако беа веќе јасни на Владата кои се, до сега ќе ги добиевме на список. И самата госпоѓа пратеник на другите комисии дискутираше за можна злоупотреба и дека тоа прашање не е расчистено. Значи, да не создаваме лажни очекувања дека е битно да помине законот за да граѓаните добија подобри бирократски процедури. Нема да добија ништо, туку ќе добијат хаос и ослободување од одговорноста на можен криминал и корупција. Затоа велам предлогот што го дадов треба да го прифати министерот, да го гласаме ова во една фаза, значи како прва фаза да ја донесеме потребата за донесување на законот, а потоа откако ќе знае одговор на сите овие прашања министерот тогаш да го изгласаме и овој закон и сите други материјални закони. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓо Шекеринска.

За збор се јаува господинот министер за правда, повелете.

**Михајло Маневски:** Благодарам господине потпретседателе.

Мислам дека на граѓаните им е преку глава да бидат ставени во позиција да трпат и да поднесуваат претставки и поплаки пред органите, за кои никој не одговара и сега кога веќе се обидуваме да ставиме ред, мислам дека е добро да ги оставиме на мира граѓаните, да можат да си ги остваруваат своите права. Овој закон оди кон тоа граѓаните да не трпат од страна на органите на управата и нивните барања да бидат решени во роковите што ги пропишува овој закон.

Ако внимателно го прочитате членот 293-б ќе видите дека има одговор на овие прашања кои ги поставувате. Ќе видете дека во членот 233-б стои дека доколку надлежниот орган по поднесокот од членот 293-а став 1 не донесе решение во рокот пропишан 15 или 30 дена. Тогаш подносителот има право во рок од 3 дена по истекот на тој рок, да поднесе барање до функционерот кој раководи со органот на управата до донесување на решение со кое ќе констатира дека настапиле услови за примена на членот 229-а, односно настапиле услови за состојбата молчење на администрацијата. Кога ќе го погледнете наредниот став 2 ќе видите дека функционерот кој раководи со органот на управата, односно раководното лице во органот кој постапува по поднесокот во членот 293-а став 1 должен е после тие три дена откога ќе се јави кај органот, во рок од пет дена од приемот на барањето, ќе се констатира дека настапиле законските услови за примена на членот 129-а, молчењто на администрацијата, но под овие услови што ги пропишува законот, поднесокот да не содржи формални недостатоци. Да се доставени сите прилози кон поднесокот. Да не поминал рокот за решавање пропишан со материјалниот закон и четврто, барањето да е навремено. Во ставот 3 е наведено дека доколу функционерот кој раководи со органот, односно раководното лице во органот не донесе такво решение, странката, подносителот има право да покрене управен спор пред надлежниот суд. Тоа се тие решенија кои се изведуваат од законот.

Мислам дека сега често се експлоатира Законот за градење, еве ќе дојде на седница на Собранието, ќе дојде веројатно и овој закон кој што го спомнувате, во врска со донациите итн, кој закон е предложен од група пратеници, кои веројатно во текот на оваа година ќе претрпи соодветни измени за некои решенија кои не се соодветни. Меѓутоа, едно сакам да ви кажам. Кога се работи за бесправна градба треба да се има предвид дека го донесовме пред три дена Кривичниот законик. Во Кривичниот законик постои кривично дело бесправно градење, кое пропишува соодветни санкции на тие што ќе градат бесправно и тие што нема да градат во согласност со прописите и стандардите што ќе значат и сеизмичка и друга заштита на граѓаните на Република Македонија. Но во таков случај, каков пропишува законот, не како досега да ги рушиме објектите, туку објектите ќе се одземаат, затоа што изрично е тоа наведено во законот и со тие објекти ќе се управува на начин кој што ќе го пропише законот кој се наоѓа во ова Собрание, Законот за конфискуваниот имот и предметите одземени во кривичната постапка.

Затоа, почитувани пратеници ве молам да ги имате предвид овие мои укажувања. Го респектирам ова што го кажувате. Знам дека желбите одат кон тоа секако да обезбедиме ефикасна постапка и да обезбедиме вистинско решавање на предметите, а не илјадници жалби или илјадници управни спорови кои што седат по судовите во денационализација која трае 15 години и уште не е завршена. И затоа оваа Влада заклучи некаде до крајот на јули 2008 година да се заврши конечно тој процес.

Затоа, таа Комисија ја направи не пет души кои не решија ни 25 предмети во 2005 година и 2006 година, туку ја направи 20, 30 или 40 луѓе да можат да ги решаваат предметите на граѓаните. Значи, ве молам кога ќе говорите за Владата, кога ќе говорите за нејзините ангажирања имајте предвид дека оваа Влада презема конкретни чекори, конкретни мерки кои што се во функција на примена на законите и примена на правото.Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине министер.

Сега има повеќе пратеници од СДСМ кои се јавија со реплики.

Би почнале, ако господин Влатко Серафимов е за реплика, со него, па потоа ќе продолжиме со тоа што колку што разбрав и госпоѓа Цветанка Иванова на крајот таа би добила можност за реплика.

Повелете господине Серафимов.

**Влатко Серафимов:** Почитуван господине потпретседателе, почитуван господин минситер.

Целта на мојата реплика е вие не работите во интерес на граѓаните на Република Македонија, вие работите за олигархијата на Република Македонија. Тоа што еден мој почитуван колега што седи во првиот ред од ВМРО-ДПМНЕ не е тука, меѓутоа со овој закон вие ги стимулирате олигарсите во Република Македонија, а не граѓаните на Република Македонија да ги остварат своите права.

Има неколку работи во кои што од вашето излагање рековте дека Владата на Република Македонија се залага за интересите на граѓаните на Република Македонија и околу спроведувањето на законот за општоуправна постапка, молчењето на администрацијата. Дали вие како министер за правда се согласувате со сето она Владата на Република Македонија што го донесе на 29.12.2007 година со Рафинеријата ОКТА. Дали се согласувате? Дали тоа не е молчење на администрацијата? Дали работите во интерес на граѓаните на Република Македонија или работите за интересите на олигарсите и на профитабилната организација наречена Рафинерија ОКТА. Дали вие како министер за правда, дали вие како член на Владата на Република Македонија и дали вие како граѓани на Република Македонија се согласивте да се трујат граѓаните од Република Македонија со договорот кој што во општоуправна постапка може да биде и молчење на администрацијата, да се премолчи загадувањето во Република Македонија. Не ги спомнувајте примерите, поднесол граѓанин барање и поради замолчување на јавната администрација тоа барање било удоволено или не. За тие примери никој не станал од оваа говорница да зборува и да критикува. Дали поднел барање за отворање на прехранбен дуќан или текстилен дуќан, па администрацијата на свое барање договорила, меѓутоа имаме сериозни барања, кои што вие од Владата на Република Македонија сте спремни да ги премолчите, се со цел олигарсите, како што е ОКТА, како што се ред други блиски до Владата на Република Македонија, да ги остварат своите права со молчење на администрацијата. Благодарам.

**Благој Зашов:** Му благодарам на господин Серафимов.

Сега за реплика се јави госпоѓа Радмила Шекеринска, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Господине министер, она што го говоревте во последното излагање, за жал, се приказни за мали деца. Да ги почитуваше Владата законите, кои сама ги носи, немаше да треба да носиме закон за молчење на администрацијата. Тоа во законот е регулирано, а во законот и сега пишува, ако ги донесеш тие, тие и тие документи Министерството ќе ти издаде решение, ќе ти издаде дозвола. Зошто денес тоа не го почитува администрацијата. Таа не го почитувала ни вчера, ама зошто денес трпат граѓаните. Вие велите граѓаните трпат, вие застанувате овде и говорите за нивните интереси, меѓутоа господине министре тоа треба тие вас да ве прашаат, а не да ги прашувате пратениците. Кој е задолжен во оваа држава да имаме добра и ефикасна администрација ако не сте тоа вие како минситер за правда. Зошто денес токму владините министерства и администрации и владините министри не ги почитуваат законите кои што се на сила. Ајде да не зборуваме за законот за донации кој ќе бил донесен во иднина. Вие тоа не можете да го кажете сега, сепак, Собранието ги носи законите. Зошто во моментов не ги почитувате актуелните закони, вклучително и овој. Зошто Владата упорно, постојано и систематски не го почитува Законот за слободен пристап на информации. Зошто? Има одлука овие закони дека не важат, ќе бидат донесени ама нема да ги слушаме, овие другите сега, овој новиов за молчење на администрацијата ќе го почитуваме. Кои се гаранциите и за Собранието и за граѓаните дека администрацијата и Владата која до вчера не ги почитувала законите, е од денес ќе почне да ги почитува законите. Зошто Владата може да дава информации од технички карактер, а не може да им одговори на граѓаните за елементарни прашања од типот колку е загадувањето во Скопје. Тоа е тајна. Да не зборувам колку е загадувањето околу ОКТА, да не зборувам колку е загадувањето на Вардар, тоа се забранети теми за оваа Влада. Зошто можеме овде за се и сешто да говориме, ама за тоа колку данок платило семејството на Груевски или некој од неговите функционери, да не зборувам за блиски роднини, функционери зошто е тоа забрането прашање. Како Владата одлучува, овде законот нема да го почитувам.

Затоа, господине министер мислам дека проблемот е посериозен и дека со приказни за мали деца и ситна шминка во законите, а без политичка волја на Владата и одговорност да ги спроведува законите, вашите реченици не вредат многу. Дали бевте толку убедени во исправноста на вашата политика и во минатите 30 години кога спроведувавте експропријација, дали и тогаш зборувавте дека експропријацијата ја правите за потребите на граѓаните. Благодарам.

**Благој Зашов:** И благодарам на госпоѓа Шекеринска.

За реплика се јави господин Јани Макрадули.

Повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Ќе реплицирам, ќе се обидам, иако моите колеги неколку пати објаснија некои работи, во интерес на јавноста да прецизираме уште некои детали. Имено, ако денес го донесеме законот не е точно дека утре граѓаните ќе можат да стигнат до некои работи полесно. Или, како што вели претседателката на Законодавно-правната комисија Благородна Дулиќ дека се согласува со дилемите искажани од пратеникот Оровчанец, но истакна дека ваквите дилеми мора да се разрешат во материјалните закони каде што се пропишани условите за одредени барања. Господинот Оровчанец, мислам дека и колегата од СДСМ Оливер Спасовски зборуваше за тоа. Давате барање за регистрација на лек Индија, Пакистан и не знам од каде, со кои што после молчењето на администрацијата некој ќе го пушти во промет со трајни штетни последици за граѓаните кои ќе земат од тој лек, бидејќи е многу поефтин. Каде е и кај кого е лоцирана одговорноста за таква една масовна штета што може да дојде за граѓаните, за здравјето на граѓаните. Затоа, беше договорено на средбите, кои се тие одобренија, кои се тие дозволи. Даде некои барања до Министерството за внатрешни работи за купување односно за поседување на оружје. Бидејќи, ќе молчи администрацијата ќе имаме 5000 нови пиштоли во Скопје и тогаш не му треба да се маскираат полицајците и да упаѓаат во Процес и во што ќе го претвориме градов или Републикава. Значи, оружје ќе носи секој кој сака, ќе се лечиме со лекови со непознато потекло, затоа што некој молчел, а за кој што казната за молчењето е 500 до 1000 евра. Наместо да одиме на зголемување на казните, наместо да се бориме за тоа, ние ќе влеземе во една варијанта денес треба и никогаш да го донесеме законот. Мислам дека претседателот на СДСМ даде еден многу реален и конкретен предлог во интерес апсолутно на граѓаните, да изгласаме денес потребата за донесување и да изгласаме 2/3-от, а потоа вонпарничната постапка и во рок од десетина дена до 24 јануари да успееме да ја систематизираме листата и на тој начин да донесеме еден закон навистина во интерес на граѓаните на Република Македонија, како што со помош на СДСМ донесовме многу такви закони овие денови. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Макрадули.

За реплика се јави госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе.

Господине министре, ова е документот согласно кој добивте доверба од граѓаните на Република Македонија. Повод за мојата реплика ќе биде вашиот навод околу оваа Влада. Е, токму оваа Влада во овој документ, господине Маневски, вети дека првиот документ на првата седница Владата на ДПМНЕ ќе усвоела акт за одговорност на Владата, со што ќе внесела коренити промени во однос на општото однесување и работење на Владата, организираниот криминал и корупцијата. Да потсетам оваа Влада во која и вие членувате, на првиот состанок наместо да го донесе актот, донесе одлука едно решение со кое што разрешиве 546 раководители на државни органи. Токму оваа Влада по истиот докумет вети нула толеранција за корупција на сите владини и административни структури со рок веднаш. Токму оваа Влада сега легализира сериозна можност за коруптивно однесување. Токму оваа Влада, господине Маневски, вети намалување на дискрециони права и утврдување на легални рамки за регулирање конфликт на интереси, рок декември 2006 година.

Овој закон денес што го нудите легализира огромни дискрециони права на министрите во вашата Валда. Токму оваа Влада вети цитирам “целосна транспаретност во процесот на јавни набавки, со рок 30 септември”. Токму оваа Влада пред нас го предложи, а вашите пратеници го усвоија скандалозниот Закон за јавни набавки, кој прави сериозно голем простор за корупција и организиран криминал. И, токму оваа Влада вети, согласно со препораките на ЕУ за земји кандидати дека ќе формира единствена независна агенција за верификација на доставени имотни листови на јавни функционери. Токму оваа Влада ја притисна Антикорупциската комисија да молчи дека девет месеци господинот Мијалков не доставил согласно закон документ со кој што ќе потврди што поседува и каков имот. Токму оваа Влада господине Маневски, конено, донесе, па не донесе етички кодекс на однесување, за да по 24 часа од кога го препрочита претпоставувам најдовте огромен број на случаеви, кои согласно етичкиот кодекс ќе требаше да бидат регулирани. И, знаете како заврши тој скандал? Го повлекова.

Оваа Влада во која сте вие член денес ни нуди сериозно промашен закон. Закон со добра идеја, закон со катастрофално решение. Закон кој што ќе овозможи буквално секој министер да може да се однесува коруптивно, а да лоцира одговорност на пониски нивоа. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓо Бендевска.

За реплика се јави Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Благдоарам потпретседателе.

Министерот и понатаму во стилот на предложените измени на законот, молчи. Жал ми е што морам ова да ви го кажам меутоа сфатете не најдобронамерно. Тука сме и целта ни е иста, ако сме опозиција. Значи, излеговте во јавноста слаткоречиво, убаво звучите на граѓаните дека ќе

им се олесни процедурата пред органите на управата. Меѓутоа, дали граѓаните знаат, а имаат право да знаат што ги чека во пракса со примената и со реализацијата на одредбите од законот за молчење на администрацијата. Дали тоа реално така ќе изгледа. За да не бидат после разочарани, затоа што целта на реформата е да се забрза остварувањето на правата на граѓаните, помалку да се малтретираат по шалтери и тн. Дали граѓаните знаат дека ако администрацијата молчи, вие во законот не предвидувате за да тоа значи позитивен одговор на нивното барање, никаква правна завршница, со никаков вид или форма на пропишан правен акт. Па, макар тоа да биде и деклараторно, затоа што за да остварат пред друга институција свои права им треба тој документ, тој правен акт. Тоа го нема во законот и тоа недостасува и од тоа понатаму произлегува хаосот, можниот хаос кој може да настане и разочарувањето на граѓаните од вашето ветувате. Затоа, во законот мора да бидат вградени тие механизми за да немаме претурање од шупливо во празно. Како граѓаните ќе знаат дали после молчењето на администрацијата без соодветен акт ќе ги остваруваат понатаму во управна постапка своите права, пред судот, пред Второстепена владина комисија, како? Дали ќе се жалат или дали ќе тужат, морате да им го обезбедите тоа право. Значи, наместо да се упрости постапката, вие уште поголеми неволји можете да им создадете на граѓаните и поголеми нервози, како и поголемо губење на време во бирократските лавиринти пред шалтерите.

На крајот, може да се случи постои опасност од масовна појава за да администрацијата се заштити од казните масовно да ги одбиваат барањата на граѓаните, што и тоа е штета на граѓаните. Не се постигнува целта на реформата молчење на администрацијата. Во крајна линија затоа ја бараме во амандманот гаранцијата за одговорноста на функционерите, за да може тоа да биде гарант да се остварат реално правата на граѓаните, затоа што пониските државни службеници не го предлагаат и не го носат овој закон, туку власта преку нејзините раководни функционери. Затоа, тие треба да сносат одговорност политичка и секаква друга. Благодарам.

**Благој Зашов:** Му благодарам на господин Кондарко.

Мислам дека само уште една реплика имаме од госпоѓа Цветанка Иванова.

Повелете, госпоѓо Иванова.

**Цветанка Иванова:** Господине потпретседателе, јас ќе земам збор бидејќи и така сум на ред за збор и бидејќи министерот не одговара на репликите, јас ќе си го кажам своето мислење во своето излагање.

**Благој Зашов:** Значи, имате збор госпоѓо Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине потпретседателе.

Самата дебата покажува колку навистина е интересен овој закон и колку е важен овој закон во правниот систем на Република Македонија, затоа што законот за општа управна постапка е еден од истемските закони во правниот систем. Овој закон сите граѓани на Република Македонија барем еднаш ќе остварат или оствариле право. Бројни се областите во кои што се применува овој закон за општа управна постапка и затоа не случајно побудува вакви реакции, побудува дебата. Мислам дека министерот навистина не треба да се лути на сите овие аргументации и забелешки кои што ги даваме, затоа што во интерес на сите граѓани на Република Македонија, вклучително и нас, затоа што и на нас се имплементира овој закон, е да донесеме еден добар закон кој што навистина ќе овозможи брзо и ефикасно остварување на правата на граѓаните во управна постапка и навистина ќе доведе до зголемување на ефикасноста во остварувањето на правата.

Овој закон како што знаете е донесен во 2006 година и практично во 2006 година кога го донесувавме овој закон за општа управна постапка кажавме дека во многу нешто не се разликува од оној стариот закон од претходниот систем, затоа што тој закон беше преземен уште од 1931 година, основите се од Кралството на СХС и како добар закон бил преземан и од претходниот систем и исто така не многу променет и ние во ова Собрание, во независна Македонија го презедовме или скоро ги презедовме сите решенија од овој закон.

И, тогаш овој закон, особено на прашањето за молчење на администрацијата и отстварувањето на правата на граѓаните во управна постапка со молчење на администрација предизвика внимание, меѓутоа бидејќи тоа беше во последната фаза на реакциите, и бидејќи ова е навистина сложена и обемна работа, не можеше да се направи со амандмани и остана ова така. И добро е сегашниот обид на предлагачот на Владата да се воведе институтут молчење на администрацијата, но реакциите на опозицијата е дека решенијата кои што се понудени сега во овој закон, во делот за молчење на админситрацијата практично нема да овозможат брзо и ефикасно остварување на правата на граѓаните во управна постапка, туку ова е само еден повторно да кажам популистички начин на делување.

Сега ќе кажам зошто. Прво во интерес на јавноста за да не излезе од дебатава бидејќи сме фокусирани сите дискутанти на измените кои што се однесуваат на молчење на админситрацијата, бидејќи јавноста го нема пред себе законот и незнае кои се измени се вршат со овој закон, да не излезе дека опозицијата е против донесувањето на овој закон од дебатата, не, ние не сме против донесувањето на овој закон, но сме против усовршување на решенијата кои што

се однесуваат на молчење на администрација. Ги поддржуваме сите решенија кои што се за забрзување на постапките како што се решенијата за скратување на роковите, бидејќи ги поддржуваме, ние сме кажале својот став на комисии сега нема потреба да дебатираме. Го поддржуваме решението за поднесување на барање за остварување на правата во управна постапка во електронска форма. Сме го кажале нашиот став и тука мислиме дека на пленарната седница нема потреба да губиме време од расправање по ова прашање. Го поддржуваме решението со кое што се усогласува Законот за општа управна постапка со уставниот амандман кој што се однесува на жалбените постапки во управна постапка и мислиме дека тука нема потреба на пленарна седница повторно да трошиме време. Уште повеќе го поддржуваме решението за зголемување на ефикасноста на постапките каде што сега мислам дека тоа беше решението во членот 16, каде што при повторното одлучување на второстепениот орган по жалба, веќе мериторно ќе одлучува, тоа е доста добро решение, затоа што веќе можеме од прилика да процениме колку ќе траат овие управни постапки, значи веќе законот со едно вакво решение го скратува траењето на упрвната постапка и тоа е добро. Значи нешто што е добро не можеме да кажеме дека е лошо и затоа не го дебатираме овдека. Исто така е добро решението за воведување на управна статистика, за да може државата да види во кои се области, каде граѓаните имаат проблеми со остварувањето на правата со управна постапка, управната статистика во многу нешта, ќе придонесе да се фокусираат слабостите во областите за да може државата, законодавната власт и извршната власт да ги преземат сите мерки согласно со нивните надлежности утврдени со Устав и закон за отсранување на тие тесни грла и занавремa реакција во секторските закони за да се зголеми ефикасноста на постапката.

Но, исто така задоволни сме со воведување на решенијата кои што се однесуваат на молчење на администрацијата, но укажуваме на недоследности, односно укажуваме на слабости на ова решение. И затоа, викаме добро е да се воведе Институтот молчење на администрација, но вака како што е уредено со овој закон сметаме дека овој закон, прво нема да е применлив, дека овој закон сам себе се дерогира, дека со вакви решенија за молчење на администрацијата ќе се поттикне негативното одлучување, со цел функционерите или службените лица кои одлучуваат во управна постапка за да ја отфрлат вината или одговорноста од себе, тие често пати, за да не молчат, бидејќи еве каков таков, иако според мене непрецизен овој амандман, значи се утврдува одговорност на страна на оние кои што одлучуваат во управна постапка и кои што ќе го применуваат Институтот молчење на администрација, за да ја избегнат одговорноста од себе, често пати ќе донесуваат и негативни решенија во управна постапка. И сега наместо навистина да ја зголемиме ефикасноста, економичноста, брзото решавање во управната постапка, ние ќе направиме еден многу обратен процес.

Она што посебно го истакнуваме е дека министерот кажа: доста му е на народот баш вака кажа доста му е на народот од вакви решенија, доста му е на народот од влечење по врати пред управните институции, пред органите на државната управа, и дека еве овој закон е спас од за маката што досега ја имале граѓаните пред институции на државата, државните институции каде што всушност тие и ги остваруваат своите права.

Јас знам дека министерот не мисли така, но и знам дека ова сето му е да речам од популистички побуди. Еве сега ќе кажам зошто и ќе го прашам: Дали господине министер овој еве од претпоставка да го донесеме овој закон, дали веднаш ќе може со молчење на администрација да остварам право да кажеме на стекнување со државјанство, ако не е изменет Законот за државјанство, каде што ќе биде регулирана постапката за молчење на админситрацијата. Дали господине министер јас ќе остварам право, според овој закон за општа управна постапка, за да изградам објект, врз основа на овие решение и да добијама градежна дозвола врз основа на овие решенија за молчење на администрацијата кои што се предвидени во Законот за општа управна постапка? Дали господине министер јас ќе добијам одобрение или некоја лиценца, за работа која што се издава исто така согласно одредбите од Законот за општа управна постапка, по овој закон доколку не се донесени материјалните закони, односно доколку не е реагирано во материјалните закони, кои што ја регулираат оваа област, прашањето за молчење на администрација. Јас одговорно со сето мое скромно знаење од облста на правото ви тврдам дека не. Значи, повторно ние популистички ќе кажам, еве сме донеле закон, и не знам ние можеби како опозиција не треба толку жустро да се бориме, можеби треба да укажеме на недоследностите и да чекаме да не речам ќе гледаме сеир, што се ќе стане пред органите каде што ќе се остваруваат овие права во управна постапка со вака недоречени одредби и со неуредена материја во материјалните закони.

Значи, и да го донесеме законот не може да оствариме право врз основа на овие одредби во Законот за општа управна постапка. Јас не бев дел од филмот за преговорите за лидерските средби за овој закон. Но она која што како пратеник на пратеничка група ми беше соопштено дека е договорено, беше следно: дека е договорено да се направи список на материјални закони во кои што ќе треба да се реагира, и сега тука го прашувам министерот како ресорен министер дали, бидејќи при

изготвувањето и отпочнувањето на постапка за измена и дополнување на еден закон, секако треба да има обсешна анализа а во конкретнио случај треба да има анализа во кои материјални закони треба да се направи реагирање, реакција, секако повторно тука во Собранието за да може овие одредби од Законот за општа управна постапка да имаат практична примена, дали има список или попис да речам на материјални закони кои во кои што треба да се реагира, кои што треба да претрпат измени и дополнувања за да може да се имплементира или за да може да се отпочне со примена на овие одредби од Законот за општа управна постапка. И да видиме кои се тие закони, во кој временски рок ќе ги донесеме и од кога ќе почне навистина да се применува овој закон за општа управна постапка.

Јас сигурна сум дека таков список нема, бидејќи ако имаше ќе беше ставено во образложението на законот, и сега јас не знам зошто е противењето по секоја цена да се оди во една фаза од донесување на законот, со вакви недоречени одредби, во овој дел зборувам, повторно за молчење на администрацијата. Затоа што овие решенија што ги кажав кои што не ги дебатираме и ги поддржуваме, мислам дека тие се неспорни. Туку во овој дел. Во делот за молчење на администрацијата каде што не се консултирани според моето сознание експертите, каде што воопшто не се консултирани можеби и министерствата каде што се органите на урпавата, дали во секое може да се примени овој закон на општа управна постапка во делот на молчење на администрацијата, и зошто напоредно не се оди ако е сериозна намерата зошто не се оди заедно со измената на Законот за општа управна постапка во делот на молчење на администарцијата и пакетот на закони од кои што се материјалните закони во кои што бес чија измена не може да се применуваат овие одредби за молчење на администрацијата. Значи, се на се од сите овие аргументи ако се види јасно е дека навистина ова е уште еден популистички потег, ние како опозиција можеби навистина не треба толку цврсто да се бориме, упорно. Со двотретинско мнозинство се донесува овој закон. И ние сносиме дел од вината и затоа вака жилаво се бориме. Во спротивно треба да оставиме да се види каков хаос ќе предизвикаат овие недоречени решенија и да не речам да се гледа сеир понатаму, наместо да се зголеми ефикасноста и остварувањето на правата на граѓаните во управна постапка да настане еден целосен хаос.

Значи не ни треба популизам, ова не е политичко прашање, сите сме за реформи во администарцијата, сите сме за реформи во државната управа, сите сме за побрзо и поекономично остварување на правата во управна постапка. Особено ние од опозицијата затоа што ние немаме влијание сега во оргните на државната управа ние би биле повеќе да го поддржиме овој институт, но сметаме дека вака како што е уреден нема да ги постигне целите со кои што се сака да се постигнат, а бидејќи ние носиме дел од одговорноста, за донесувањето на ваквиот закон и за последиците кои што ќе настанат од имплементацијата на овој закон затоа ние сакаме сериозно да укажеме, и затоа сакаме министерот да не разбере да ни ја разбере нашата порака и да го прифати нашето барање во делот кој што се однесува за молчењето на администрацијата. Во останатиот дел јас мислам дека законот може да оди во една фаза. Но во делот каде што се однесува молчење на администрацијата би требало да оди во две фази. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам, госпоѓа Иванова.

За реплика се јави госпоѓа Силвана Бонева, со ваше дозвола ќе поминеме уште неколку минимути вклучителни евентуалната контра реплика, заради актуелноста на дискусијата која што беше водена.

Повелете госпоѓа Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Сосема накратко да докажеме дека воопшто не се работи за популистички чекор на Владата, кој што сака нели да го постигне со овој закон за општа управна постапка, закон за кој што беше постигната начелна согласност со права на најголемите политички партии во овој Парламент, дека треба да биде донесен во текот на денешниот ден после амандманот кој што треба да пристигне од Владата на Република Македонија. Значи доказ дека не сакаме да правиме никакви популистички чекори, е тоа што ја повикуваме опозицијата да достави конкретен предлог на амандман кој што треба да биде прифатен односно доставен од Владата, за да знаеме точно што е тоа што и пречи во моментот на опозицијата во овој закон и како конкретно да гласи решението за да бидат надминати стравувњата кои што еве цел ден се кажуваат од страна на опозицијата. Значи, подаваме отворена рака, верувам дека нема да има ништо против ниту Владата на Република Македонија, ниту пратениците од парламентарно мнозинство. Нека каже опозицијаста, јасно нека дефинира што е тоа што треба да го содржи амандманот кој што треба да стане составен дел на Законот. Ние сме спремни во интерес на граѓаните на Република Македонија и подобрување на решението за молчењето на администрацијата да го изгласаме. Благодарам.

**Благој Зашов:** Мислам дека сега веќе има и една можност и опозицијата на свој начин да формулира некој предлог.

Со оглед на тоа што заврши работото време за денес, јас овде ја прекинувам седницата.

Ќе продолжиме утре, а за која седница ќе бидете известени дополнително преку СМС порака.

(Седницата прекина во 18,02 часот)